СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од  Осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 јануари 1995 година

Скопје, јануари 1995 година

**ДИСКУТАНТИ ОД ОСМАТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 11.01.1995 г.**

1. АНДОВ СТОЈАН - 7, 37
2. АРСОВСКИ БРАНКО - 55, 88
3. БУЗЛЕВСКИ ДИМИТАР (Влада) 110, 111, 112
4. БОЈКОВ ИВАН - 63
5. ВИДИМЧЕ КИРЕ - 43
6. ДИМОВ ЛАЗАР - 45
7. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН – 115
8. ЖУТА БЕКИР - 2, 6
9. ИВАНОВ РИСТ0 - 9, 84, 87, 90, 94, 95, 96, 102
10. ИВАНОВ ЉУБИСАВ - 20
11. КАРЕВ ЗВОНКО -17
12. ЛАЗАРОВ ЈОВАН - 135
13. МИТЕВСКИ ДРАГАН - 25, 119
14. МЕВЉАН ТАИРИ - 50
15. МИЛОШЕВСКИ ДАНЕ - 90
16. МЕШКОВ ЉУПЧО - 98
17. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 104
18. МИНОВ ПАНЧЕ - 129
19. НИКОЛОВСКИ ДУШАН - 39, 100
20. НАУМОВСКИ СИМЕОН - 85, 87
21. НИКОЛОВ ЈОВАН - 87
22. НАУМ0ВСКИ ВАНЕ - 88
23. ОСМАНИ РУФИ - 93
24. ПАУНОВ ТОДОСИЕ - 6, 7, 30, 37
25. ПЕЦОВ МИРКО - 51
26. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 65, 99, 125
27. РАМАДАНИ ХИСЕН - 113
28. СТОЈКОВСКИ ЗДРАВКО - 97
29. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 128
30. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 89
31. ТАИРИ МЕВЉАН - 102, 111
32. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 121
33. ХАСИПИ КЕНАН - 59
34. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО - 71, 73
35. ЧИФЛИГАНЕЦ ВАНЧО - 52, 55

крај на седницата

дневен ред:стр.5

1. Предлог на закон за преструктуирање на дел од големите претпријатија кои во своето работење искажуваат загуби стр.105-усвоен,гласање амандмани по Законот стр.83
2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за радиодифузија

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Осмата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 11 јануари 1995 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 , со почеток во 15,00 часот.

Седницата ја отвор и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Почитувани пратеници ја отворам Осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Панче Насев, Марјан Котлар, Зоран Шапуриќ ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети: претседателот на Република Македонија, г-дин Киро Глигоров; претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Записникот од Шестата седница на Собранието на Република Македонија Ви е доставен.

Дали некој од пратениците има забелешки од записникот? (нема)

Констатирам дека записникот од Шестата седница на Собранието на Република Македонија е усвоен без забелешки.

I/2/ДВ/ЛБ

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за преструктуирање на дел од големите претпријатија кои во своето работење искажуваат за- губи.

Предлогот на овој закон ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесуваше на овој закон по итна постапка.

Има збор министерот за развој, г-дин Беќир Жута.

**БЕЌИР ЖУТА.**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дами и господа. Проектот на законот кој и денес го имате пред себе, а се бара денеска Собранието да го расправа по итна постапка, причините за дота се следните:

Ние длабоко навлегуваме во процесот на трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал и во спроведувањето на таа акција Владата на Република Македонија во соработка со Светската банка, познато ви е дека подготви специјална програма за санирање на 25.те претпријатија во РМ, чија суштина се состои во тоа, во префазата на трансформирање на овие претпријатија да се преземаат одредени мерки од организациона, финансиска, и друга природа кои ќе овозможат кај овие стопански субјекти да се оспособат за само- егзистираше, за потоа и тие да влезат во процесот на трансформирањето на општествениот капитал.

Остварувањето на таа програма без да се донесе предметниот закон кој се предлага денес Собранието да го расправа и по итна постапка да го донесе, не може да се остварува, а таа неможност би имала за последица одлагање на решавањето на проблемите во овие

претпријатија , проблемите да стануваат уште посложени отколку што се и да се среќаваме, во една повисока фаза со сериозноста на проблемите и последиците кои би ги предизвикале тие проблеми. Оттука таа фактичка состојба ја наметнува потребата Законот денес да се расправа и истиот да се донесе од страна на Собранието на РМ.

Второ, во напорите што ги прави Владата и во контактите со светската банка во развој, исто така треба да се одобри заем за социјални програми од страна на светската банка кој е во функцијата на реализацијата на специјалната програма и овој закон кој денеска е на дневен ред. Донесувањето на овој закон претпоставува реална основа за доделување на тој заем за социјалните програми на РМ.

Трето, на вас ви е познато дека од поодамна се вршеа подготовки во РМ од страна на Владата за склучување на стенд-бај аранжман кој има реални шанси да се склучи некаде кон крајот на март оваа година. Донесувањето на оваа програма, исто така е во функција да се обезбедат, покрај другите предуслови кои се обезбедени, да се обезбедат предуслови за склучување на тој стенд-бај аранжман и заедно со него се она што очекуваме да се случи со финансиските монетарни организации, меѓународни, по склучувањето на тој договор.

Од тие причини ние предлагаме денес Собранието да го расправа овој закон и по истиот да се произнесе, бидејќи секое негово одлагање може да ги заострува проблемите, прво кај овие претпријатија, а се одразува индиректно во целокупното стопанство на РМ и вториот, овие два аранжмани би биле доведени во прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот овој закон да се донесе по итна постапка, молам да крене рака? (78).

Дали има некој против? (12)

Дали некој се воздржува од гласање?(1)

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот.

Владата на РМ предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на законот за радиодифузија.

Предлогот на овој закон ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување на овој закон по итна постапка.

Има збор г-дин Бузлевски, министер за сообраќај.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, со оглед на тоа што подолг временски период, после одлуката на Уставниот суд создаден е правен вакум околу утврдување и пресметување на паричниот надомест, со цел за непречено прибирање на средства за нормално функционирање на Македонската РТВ, Владата предлага дека тоа едноставно е голема причина на денешната седница по итна постапка да се разгледа овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот овој закон да се донесе по итна постапка, молам да крене рака? (80)

Дали има некој против? (10)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот.

Ве известувам дека пратеникот Бранко Арсовски на сеницата на Законодавно правната комисија ги повлече: Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување со предлог на закон и Предлогот М донесување на закон за изменување на Законот за гаранција на РМ за депонираните девизни влогови на граѓаните и за обезбедуваше на

средства и начин за исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните во 1993 и 1994 година, со Предлог на закон.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на закон за преструктуирање на дел од големите претпријатија кои во своето работење искажуваат загуба.

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за радиодифузијата,

3. Предлог за донесување на закон за гаранција на РМ по договорот за заем на Македонскиот телекомуникациски проект од Европската банка за обнова и развој , со Предлог на закон.

4. Предлог на одлука за разрешување од функцијата заменик јавен правобранител во јавното правобранителство на град Скопје

5. Предлог на одлука за давање согласност на одлуката на собирот на работниците на националниот парк Галичица- Охрид за именување индивидуален раководен орган.,

6. Предлог на одлука за разрешување и именување членови на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев".

7. Предлози на одлуки за именување на членови на конкурсни комисии аз именување на индивидуални раководни органи.

8. Предлог на одлуки за разрешување и именување на претставници на Републиката во органите на управувањето.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, во почетокот на идната работна недела во нашата Република треба да отпочне откупот на минатогодишното производство на тутунот. Според прогнозите на тутунските стручњаци во наредните 100-тина денови се очекува ...

I/6

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам дајте предлог. Прво предложете а после ќе образлагате.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Предлагаме на денешната седница да се додаде нова точка - Утврдување на состојбите за откупот на тутунот од минатогодишната реколта.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние за ова немаме доставено материјал, немаме изведено постапка, но го поканувам претставникот на Владата да го каже мислењето на Владата.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Проблемите со откупот на тутунот од реколтата од 1994 година се најактуелни и Владата на Република Македонија во неколку наврати расправаше по ова прашање како едно од најсериозните зафати со кои конкретно ќе се срeќаваме овие денови. Меѓутоа, сеуште конструкцијата за откупот не е дефинирана и сметам дека за оваа седница, без да се има барем информација, би било само расправа која не би била заснована на определени определби.

Значи вие не прифаќате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

крене рака? (30)

Еве го слушнавте и мислењето на Владата, Молам кој е за предлогот на г-дин Тантаров, нека

Констатирам дека овој предлог не е усвоен. Дали има други предлози,.

**ТОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, јас би сакал само да предложам да одиме по дневниот ред како што ни беше предложен со тоа што точката за прструктуирањето на претпријатијата да биде како посебна точка.

I/7

**СТОЈАН АНДОВ:**

После за редоследот. Сега само ако има предлози за дополнување на дневниот ред.

Дали има други предлози? (нема)

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака? (81)

Дали има некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање? (13)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Има збор г-дин Тодосие Паунов.

**ТОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Г-дин претседателе, дами и господа имам желба дневниот ред како што ни беше доставен да оди како што е предложен, а точката за преструктуирање на претпријатијата кои работат со загуби да остане како последна точка.

Мислам дека измина доста време некои точки што требаше да се решат, тие не се решени, а мислам дека тие точки ќе ни одземат помалку време а за преструктуирање на претпријатијата, таа тема е причино голема и ќе ни треба повеќе време. Затоа предлагам оваа точка да биде како последна точка од дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сакам да укажам една работа.

Ако не беше овој закон за преструктуирање на претпријатијата, веројатно ние денес немаше да имаме седница и формално тој треба да биде прв на дневниот ред бидејќи он се носи по итна постапка, а сите овие други работи би требало после да си дојдат на ред.

Но, бидејќи формално сум должен предлогот на секој пратеник да го ставам на изјаснување, јас бев должен да ви укажам, а вие ќе гласате сега.

Кој е за предлогот на г-дин Паунов, молам да крене рака?

(9)

Констатирам дека овој предлог не е усвоен.

Преминуваме на **првата точка** од дневниот ред. - Предлог на закон за преструктуираше на дел од големите претпријатија кои во своето работење искажуваат загуби.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Воведно излагање по овој закон ќе поднесе министерот за стопанство г-дин Ристо Иванов.

Има збор г-дин Ристо Иванов.

II/1 СЈ/ПН

**РИСТО ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Денес пред нас е Законот за преструктуирање на дел од претпријатијата кои и во своето работење искажуваат загуби. Проект на кој Владата 1 година интензивно работеше и кој има приоритет во програмата за работа на Владата во мандатниот период. Законот треба да одговори на потребата да се реши еден од најсериозните проблеми во државата а тоа е, како еден број на претпријатија кои поради низа причини екстерни и интерни во долг временски период покажуваат загуби кои се проценуваат на околу 5% од општествениот производ на Републиката, претпријатија со висока преработеност, нивниот вкупен број вработени изнесува околу 44 илјади работници и неусогласен обем на квалитетот на производството да ги надминат овие проблеми и да извршат преструктуирање.

Во сите претпријатија неопходно е изведување на структурни реформи со цел да се оспособат стопанските организми да функционираат во пазарни услови и да бидат ефикасни, флексибилни и способни да опстојат и да се развиваат во услови на конкуренција, финансиска дисциплина и строги буџетски ограничувања. Избраниот приод во овој закон значи давање можност на овие претпријатија во рок од 3 до 7 месеци без товарот од претходно превземените обврски да обезбедат готовински тек на средствата во рамки на претпријатието, а потоа профитабилност во работењето.

Иако во принцип преструкуирањето на претпријатието треба да биде иницирано од критичната финансиска состојба на претпријатието, сепак Владата сметаше дека е неопходно претходно да се изврши

преструктуираше врз основа на поединечни програми за секое претпријатие, а потоа да оди во постапка на приватизација. Сите овие причини како и спречувањето на ескалацијата на негативните реперкусии од лошото функционирање на овие претпријатија ја наметнаа потребата од изготвување и предлагање на еден ваков закон каков што денеска го имаме пред нас за расправа.

Со законот се предвидуваат поголем број на мерки и активности кои во одделни сегменти претставуваат отстапување од законски утврдените норми во обласата на финансиите, сметководството, кредитниот и банкарскиот систем, работните односи и други области. Но, заради надминување на строгите бариери во постојните закони кои попречуваат еден програмиран процес на преструктуирање, Владата на РМ смета дека е неопходно донесување на закон со кој ќе се овозможи преземање на мерки за спроведување на преструктуирањето врз основа на поединечните програми на претпријатијата.

Со овој закон основна цел е да се заштитата и унапредат производните капацитети во постапката на нивното преструктуирање, да се создадат ефикасни стопански организации и да се трансформираат нефункционалните делови на претпријатијата во нови облици. Во законот што се предлага денес пред вас почитувани пратеници се уредуваат условите и начинот на организационото и финансиското преструктуирање на дел од претпријатијата кои искажуваат загуби. Реализацијата на преструктуирањето ќе се врши според посебна програма што ја носи Владата на РМ и која е поддржана како целина од Светската банка што значи дека во реализацијата на овој закон учествуваат и меѓународните финансиски институции. Исто така законот е услов за одобрување на заемот за економска обнова од Светската

банка и е услов за поддршка од Меѓународниот монетарен фонд. Со законот исто така се воспоставува обврска за сите претпријатија да изработат сопствени оперативни планови за реализирање на програмата за преструктуирање и што се има во предвид и самостојноста на претпријатијата во предлагањето;-на мерки за организационо, финансиско и сопственичко преструктуирање. Меѓутоа, во делот на управувањето во периодот на спроведување на преструктуирањето значајна улога има државата што значи дека согласно учеството на општествениот капитал во капиталот на целото претпријатие ќе се обезбедува учество на државата со најмалку еден член во управниот одбор на тоа претпријатие. Но, не може учеството во управувањето во претпријатието да биде помалку од 51%. На тој начин се врши еден вид поддржавување на претпријатието, но сепак мора одговорноста за реализација на оваа програма да биде јасно лоцирана на секој субјект поединечно.

Истовремено имајќи предвид дека во структурата на билансот на претпријатијата најголем дел од обврските по користените кредити се обврски по користени кредити во законот се предлага мораториум со пресметување и плаќање на обврски кои настанале до денот на влегување во сила на овој закон освен за кредитите за кои гаранции даде Владата на РМ.

Во законот се предложени решенија за надминување на состојбите на претпријатијата преку конверзија на побарувањата на банките, јавните претпријатија, државата освен обврските кон пензискиот фонд во влог на претпријатијата. Истата можност се дава и кон другите доверители. Тоа не е задолжително за другите доверители поради тоа што во овој период од 1 година додека важи законот секој сам би требало да управува со своето побарување односно побарувањата на другите доверители постојат, можат да се укаматуваат да се продаваат, но нема да можат да

се наплатуваат до 31 декември 1995 година до кога се предлага важноста на овој закон.

Исто така се предлага сите доверители да можат аукциски да ги продаваат своите побарувања пред нивното претварање во влог. Со законот се нуди можноста побарувањето на доверителите да се подмируваат и со издавање на акции и за преструктуирање. Имено, за влогот на доверителите претпријатијата можат да им издаваат и посебни акции кои се во функција на спроведување на преструктуирањето. Истите се приоритетни без право на глас. Меѓутоа, доколку носител на побарувањето е банка или друг доверител чиј што капитал е повеќе од 70% во приватна сопственост побарувањата се претвораат во обични акции. Ова е со единствена цел што повеќе да се забрза и во овој период постапката на приватизација односно да постои паралелен процес на преструктуирање и приватизирање.

Со престанување на важноста на овој закон ќе се спроведе задолжителна аукциска продажба на непродадениот дел од акциите за преструктуирање и со тоа ќе може целосно да се заокружи сопственичкото преструктуирање на овие претпријатија што се предмет на законот.

Во делот на подобрување на финансиската состојба на претпријатијата се предвидува деблокирање на жиро сметките и тоа за обврски кои настанале до влегување на овој закон во сила и ова не се однесува само за пензиско инвалидското осигурување. Ова е цел да се овозможи стартна позиција, би рекол од нула, во еден период од 3 или 6 месеци зависно од поединечната програма на претпријатието да се овозможи готовински тек на средствата профитабилно работење, намалувањето на трошоците на работење и овозможување претпријатијата да покажат дека се во состојба да ги покриваат

трошоците од своето работење. Обврските кои постојат кон меѓународните финансиски организации ќе бидат обврска на РМ и истовремено тоа ќе придонесе за подобрување на финансиската состојба во претпријатијата што се предмет на законот.

Еден од важните моменти во законот секако е финансиските средства што се неопходни да се спроведе овој закон. За специјалната програма за пресдруктуирање на претпријатијата врз основа на нивните поединечни програми ќе се обезбедат средства од Буџетот на РМ, од меѓународните финансиски организации, од помошта од програмите ФАРЕ, ЕХО и друг вид на странска помош како и од компензационите фондови создадени од досега добиените средства, помошти и средства остварени со продажба на непотребните основни средства, делови од претпријатието, како и од средства на самоисплатени трговски кредити од деловните банки. За користењето на овие средства ќе одлучува Владата на РМ по мислење на Комисијата за преструктуирање и тие ќе се пласираат преку посебна сметка определена за таа намена. Средствата ќе се враќаат на начин и под услови утврдени со овој закон и тие не можат да се користат за исплата на плати бидејќи спроведувањето на програмите мора да се одвива во цврста финансиска дисциплина и мора во предвидениот период да се обезбеди увид дали со сопствените средства да се покриваат трошоците од тековно работење или не. Истовремено се предвидени ограничувања во инвестирањето во претпријатијата освен за оние инвестиции кои ќе се само исплатливи и се утврдени во поединечните програми за преструктуирање на претпријатието.

Важен елемент во овој закон е остварувањето на управувачката функција во овие претпријатија што ќе биде битно изменет. Со законот

се утврдува постоење на управни одбори во сите претпријатија кои што се во специјалната програма на Владата и тоа во сите управни одбори се делегира најмалку еден член претставник на Владата кој ќе го има потребното мнозинство за одлучуваше во претпријатието. Со тоа се презема поголема одговорност за реализација на законот и програмата за преструктуирање на овие претпријатија.

Истовремено со овој закон се овозможува доколку не се почне со програмата за преструктуираше во предвидениот период тогаш да се покрене постапка за стечај. Секако дека еден од најгорливите и најголеми проблеми се правата на работниците на кои за спроведување на програмите и со преструктуирањето ќе им престане работниот однос. Во законот се предлага тие да имаат предност при исплатата на платите и на отпремнините кои се движат до 12 плати во зависност од стажот со што во периодот на преструктуирање имаат одредена егзистенционална сигурност.

Во социјалните програми обезбедени се средства за преостанатите плати и отпремнините и истовремено со преоѓање во Заводот, работниците на кои ќе им престане работниот однос ќе користат надоместоци кои редовно следуваат според Законот за вработување. Од потребните средства за реализација на законот изнесуваат 75 милиони долари, 35 милиони долари се обезбедуваат за социјални програми за оние работници кои ќе дојдат под удар на законот. Уште еднаш би сакал да потенцирам од останатите 4 0 милиони долари се предвидени за обртни средства неопходни за нормално работење на претпријатијата. Она што е дадено како образложение во законот за потребните финансиски средства опфатен е и оној дел што претставува отплата на странски кредити и она што го има како обврска државата по лицата кои остануваат без работа.

II/7

Почитувани пратеници,

Јасно е дека со овој закон се задира во интересите на поедини субјекти во РМ. Воопшто со предложениот закон не е цел некое право да биде ускратено. Напротив, целта е заедно сите и банките и доверителите и државата да дадат уште една шанса временски период оние претпријатија за кои што ќе се покаже дека можат да работат во услови на отворено стопанство да опстојуваат и понатаму. Значи, ниту еден момент не е цел некому да се наштети, туку напротив да се овозможи заживување на претпријатијата преку преструктуирање, а понатаму и преку приватизацијата.

Од аспект на доверителите јасно е дека постои страв што со нивните побарувања, меѓутоа, мора да нагласам дека Владата е убедена дека законот не може да даде целосни резултати ако не отпочнат и другите реформски потфати што се предвидени со програмата на Владата, а тоа е санацијата на банките и забрзување на процесот нас приватизација. Овие три зафати паралелно мора да овозможат разрешување на најголемиот дел од проблемите.

Што се однесува до другата заинтересирана страна мнозинскиот синдикат сметам дека сосема оправдано е што тие инсистираат на поголема јаснотија и примена на соодветни решенија од законот. Но, мислам дека добар дел од предлозите што беа дадени се вградени како критериуми за однесување во рамките на комисијата за преструктуирање на претпријатијата така и во рамките на поедините програми на претпријатието. Но, мора да се сфати дека за искористување на временскиот период од една година неопходно е одредени мерки да бидат преземени во многу пократки рокови отколку што е тоа предвидено во законските решенија. Владата смета дека би требало во периодот

на спроведуваше на законот со мнозинскиот синдикат да се појаснуваат и дообјаснуваат одредени решенија и да постои одредена соработка. Како од аспект на спроведуваше така и од транспарентноста на одлуките што се носат во процесот на преструктуирањето. Од таа соработка не се откажуваме, но сметаме дека во овој момент повеќе од неопходно е на побрз и поедноставен начин да се реализираат поединечните програми за преструктуирање и во што пократок рок да се даде простор одредени делови на претпријатијата самостојно да работат на отворениот пазар. Заради тоа не треба ова да се сфати како акција за отпуштање на работниците, туку напротив акција за спасување на 30 илјади работни места, акција за оспособување на претпријатијата кои ќе можат да работат во услови на конкуренција флексибилно, одговорно но и профитабилно. Значи, да пристапиме одговорно и секој во рамките на своите одговорности да го преземе товарот на обврските.

За јавноста секако дека е потребна поголема информираност околу самите програми, треба поголемо објаснување за суштината на програмите и тоа можеме преку разните субјекти кои постојат во државата набрзо и најефикасно да го реализираме како наша обврска. На сите ни е во интерес да бидеме информирани за тоа што содржи програмата како ќе се реализира и со која динамика се очекува заздравување на тие претпријатија. Без таа транспратеност, без увид во секој потез на субјектите во овој потфат сигурен сум дека ќе расте недовербата и наместо да се обединуваме за спроведување на реформите ние ќе одиме во сосема подруг правец.

Затоа сметам дека повеќе од неопходно е денеска вие, почитувани пратеници, да го донесете предложениот закон со што ќе се отвори простор за конкретно отпочнување на активностите за преструктуирање

на претпријатијата кои во своето работење имаат искажано загуби.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор Г-дин Ѕвонко Каров.

**ЅВОНКО КАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Потребата од донесуваше на закон за преструктуирање на дел од претпријатијата кои покажуваат загуби во своето работење се наметна како неопходност и неодложно решение заради спроведување на активната политика на стабилизацијата во стопанството и спроведување на структурните реформи во стопанството, а се во согласност со програмите на МНТ и Светската банка. Бидејќи основните начела на кои се заснива законот е заштита и унапредување на производствените капацитети во постапката за нивно преструктуирање, сметам дека Владата ги има во предвид сите релевантни фактори кои влијаат врз работењето на овие претпријатија, но би требало да посвети исклучително нужно внимание на работи и околности со кои претпријатијата и со нивните програми за преструктуирање ќе работат и ќе делуваат во околности кои се се уште присутни во овој регион.

Проблемите со тековното работење на претпријатијата се и понатаму присутни, проблемот на санкциите спрема соседите кои индиректно влијае врз работењето на нашите капацитети, а блокадите од север и југ спрема РМ, изгубените пазари, високите транспортни трошоци кои влијаат и врз висината на трошоците и суровините и врз

цената на финалните производи. Впрочем таквите услови за работа за претходните две години доведоа до значително негативно влијание врз финансиското работење и ликвидноста на претпријатијата. Присутноста на истите услови на работа и во 1995 година ќе имаат и те како негативно влијание во работењето а кое би можело да се рефлектира, ненавремено обезбедување со суровини и репроматеријали, тоа би значело неможност на исполнување на производните плакови, нецелосна нужност за реализација на производството итн. и покрај напорите што се прават и што ќе се прават околу редуцирање на трошоците на производството на овие производи капацитети.

**ЗВОНКО КАРОВ**: (Продолжение)

Овие претпријатија ќе се судрат , како што беше и досега со потребните обртни средства за работа. Со Законот се предвидува дел од средствата за покривање на недостигот од сопствени средства за финансирање на самоисплатливи зделки се обезбедуваат кредити од банките или трговските кредити, а кои се во функција на остварување на програмите за преструктуирање. Дали кога рестриктивноста во монетарната сфера т.е. ограничените девизни и денарски пласмани целосно ќе значат и можност овие претпријатија да го остварат кај деловните банки она што е предвидено со Законот за преструктуирање. Бидејќи присутноста на проблемите по околностите за работа се скоро исти како и претходните години. И покрај предвидувањата со законот за деблокада на жиро сметките на претпријатијата, за обврските спрема банките и доверителите, дали направените анализи на Владата покажуваат дека само преоптовареноста на претпријатијата со високи трошоци на работење, вклучувајќи ја и работната сила во тие претпријатија се единствен фактор за загуби на овие претпријатија а ако тоа не е така, а секако не е, колку влијаат објективните услови за вакво работење на овие претпријатија.

Затоа, мислам дека Владата треба да најде разбирање за ова бидејќи и самата констатира дека ликвидноста и негативното финансиско работење на овие претпријатија произлегува од такви услови, а до следната примена на член 28 став 1 од Законот, каде што предвидува постапка за стечај, и покрај преземените мерки за преструктуирање, доколку ги зголемуваат тековните загуби во работењето, во рокови кои се предвидуваат ќе предизвикаат огромни проблеми.

Овде посебно сакам да го нагласам проблемот со Програмата за преструктуирање на претпријатијата, која ја одобрила Владата на Република Македонија. Треба да се земат предвид и укажувањата на претпријатијата и нивните анализи по констатациите на консултанскиот тим од Светската банка, бидејќи одредени констатации и мислења не се совпаѓаат, а другите услови, било на трошковен или ценовен план, битно се разликуваат од времето кога се даваа оценки за рентабилно работење на претпријатијата.

Не навлегувајќи во тоа што значат уставно мерките кои се преземаат со законот, а кои во одделни сегменти отстапуваат од законски утврдените норми во областа на финансиското и сметководственото работење, кредитниот и банкарскиот систем, хартиите од вредност, работните односи и другите области, во кои законски е уредено работењето на претпријатието, а имајќи ја предвид неопходноста од донесувањето на законот за продолжување на започнатите стопански реформи и склучување договори со меѓународните институции за реализирање на социјалната програма и економската обнова, јасно се наметнува потребата од поддршка на овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Љубисав Иванов.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Господине претседателе, драги пратеници, преструктуирањето на стопанството е процес на земји кои се вакви какви што сме ние во транзиција. И од такво преструктуирање и мерки кои ќе ги предлага Владата ние мораме да бидеме задоволни, затоа што тоа е во функција на стабилизационата програма, а веројатно и почетен дел на Програмата

за економски реформи, за која веќе имавме повеќепати можност да слушаме од најодговорните во Владата. Овој зафат е премногу голем и крупен за македонската држава. Во оптек се, некаде сега на почетокот, 140 милиони долари. Затоа, беше потребно овој закон и целиот тој процес да се одвива низ едни нормални временски периоди, каде што ќе можеше многу идеи, многу размислувања на нашите пратеници и нашите одбори можеби да послужеа добро и на Владата, и таа да имаше време да ги согледа и да ги вгради во овој закон и во оваа програма.

Веројатно е и наша грешка што вакви крупни зафати и вакви закони ги донесуваме под многу итна постапка. Лично мислам дека таквиот начин на работа ќе не доведе до тоа да ги повторуваме грешките кои ги правевме пред тоа во претходните три децении, па нешто и повеќе. Затоа што во тие периоди, а приближно така изгледа и овој процес ние имавме санациони програми каде од разни извори се обезбедуваа средствата и од вишоците на Народната банка, те од Фондот за неразвиени, те од резервните фондови и преку разни санациони програми, кои ги изготвуваа работните организации, ги решававме проблемите од сличен или ваков вид.

Овој процес малку се разликува во сферата на управувањето, во работните односи , по прашањето на превработувашењто итн., меѓутоа, од прилика ако вака ги согледуваме процесите кои што се вградени во овој закон и во оваа програма, некако тоа адекватно на тоа се однесува, особено имајќи предвид дека се работи за судбина на луѓе,на граѓани, невработени, каде ќе има и драматични моменти итн. Една ваква програма ќе беше многу подобро поцелесообразно да се разбереше и разработеше. Јас имав прилика сега да слушам, а и вие дека постои

проект за преструктуирање. Во законот се зборува за програми кои треба да ги изработат работните организации. Се зборува и за некои оперативни програми. Ако навистина постои таков проект, а мора да постои, треба да постои и мора да постои, тогаш ќе беше добро вие за секоја работна организација од овие кои влегуваат во преструктуирањето да имавме извадоци од тој проект и да можевме по тие прашања, некако рамноправно да разговараме со Владата, со предлагачите, ние пред себе да имавме чисти работи, за да видиме како на пример една организација ќе се преструктуира. Тука се зборува од организационо - финансиски аспект, а ќе беше добро тоа да го погледаме и од производствен аспект, што значи што ќе произведува, каков асортиман, на кој пазар ќе работи. Да спомнам неколку организации, една од најтешките организации е Железарницата. Низ една таква детална студија и анализа, каде што ќе се користи науката, практиката, светското искуство, треба да се покаже дали тој базен, објект и е потребен на Македонија, имајќи ги предвид огромните вложувања и во кој правец ќе се ориентираат погоните и деловите на таа Железарница. Ако ние развиваме, на основа на тој базен објект преработувачка и градиме своја натамошна перспектива, за базните објекти во светот никој не обезбедува поголеми профити, туку тоа оди во финализацијата. Овде требаше веројатно да се направат варијанти и во ситуации кога нема да има санкции спрема Север и во ситуации кога нема да има блокада од Југ, дали тој објект е профитабилен и во какви услови е профитабилен. Веројатно за тоа Владата има некои сознанија, но ќе беше добро и ние овде како пратеници да можеме накратко со таквите елементи да бидеме запознати кои би биле составен дел на Законот. Или да кажам друг

пример, на пример при Рудници на олово и цинк исто така се ставени во процесот на приватизација. Низ едни такви проучувања и анализи требаше да видиме каде се проблемите во тие рудници, рудници кои имаат висока содржина на олово и цинк, работат нерентабилно. Мора да ги откриеме процесите кои се , кои влијаат на нивното негативно работење и на кој начин тие би се отстраниле. Тоа значи ако не можеме да ги отстраниме сите во оваа фаза на преструктуирање, можеби тоа ќе го направевме во неколку фази во една, во две во три, па во првата фаза би ги отстраниле технолошките процеси на постојното производство, во втората фаза веројатно некои доинвестирања итн., и во трета фаза би се видело каде би се правела финализацијата. Лично мислам дека проблемите се во тој дел, ние немаме соодветни капацитети за преработка на концентратите. И така, да не повторувам, веројатно за секој објект ќе дојдевме до некои сопствени заклучоци и ќе кажевме во овој објект одиме во преструктуирање, овие објекти мораме да ги отпишеме и не одиме во преструктуирање ги ставаме во стечај или на продавање, ако се најде некој да ги купи да ги купи, да ги приватизира или некој друг сопственик и така ќе имавме многу поубави и порасчистени поими.

Втора работа на која сакам да укажам, а веројатно затоа и законот се донесува, инаку со законот не се решаваат изворите на средства кои треба да се вложат во тоа преструктуирање, туку задирање во позначајни зафати од фундаментално значење на државата, а тоа е во законот за платниот промет, во сферата на финансиите, понатаму во работните односи, па ако сакате и во Уставот.

Членовите 3 и 4 мислам дека не се во согласност со Уставот. Таму се предвидува платниот промет практично да се блокира во однос на

банките, јавните претпријатија и доверителите. Некако и можам да ги разберам за банките, затоа што тие се уште се државни субјекти. Тоа што станаа некои акционерски друштва, тоа е доста дискутабилно и тоа е повеќе теоретско отколку практично прашаше, но кога се работи за други доверители освен банките и јавните претпријатија, мислам дека е неодржливо Владата да бркне длабоко во џебот на тие други субјекти, а тоа се разни приватни организации, ако сакате и општествени претпријатија кои побаруваат од овие организации, а сега со овој закон практично се блокира реализацијата на разни судски решенија, акцептни налози итн. Практично на овој начин сега се пренесува проблемот пошироко. Некаде се обидуваме да извршиме санација, непозната, која за сега за нас е по малку и како мрак затоа што многу работи во цела таа проблематика не познаваме, но затоа ги пренесуваме проблемите во нови субјекти кои ќе почнат да прават загуби и од кои досега ги црпевме изворите на средствата за формирањето на буџетот. Според тоа , ова е сериозно прашање и јас мислам дека претседателот на Одборот за стопанство ќе го изнесе мислењето на Одборот за стопанство, неодржливи се такви зафаќања кои се надвор од законот, надвор од Уставот и кој практично му нанесуваат штета на стопанството. После ова ќе следат многу тужби, многу барања до Уставниот суд, законот да го стави надвор од сила и ние ќе си отвориме непотребни процеси, но непотребни процеси ќе отвориме и во економската сфера, затоа што сега ќе ни се јават не 360 туку 1500 загубари. Низ еден посолиден проект и низ една да кажам понаучна и постручна анализа на овие организации кои треба да одат во преструктуирање можеби ќе се најдеше и некоја идеа или некое решение дел од средства да издвоиме за нивно преработување, особено во лесната индустрија каде што практично сите земји во почетокот на својот развој најголеми напори вложиле и

најголем дел извлекувања од заостанатост направиле. Така почнала и Јапонија, Тајван, Тајланд, тоа се ред земји на далечниот исток, ако сакате и ред земји во Европа. Англија е позната по тоа .

Исто така, мислам дека во целата оваа работа требаше пошироко да се вклучи комората, а тоа е подобро и за Владата да се подели одговорноста, а исто така и синдикатот. Јас мислам дека вакви крупни зафати како што е приватизацијата, па еве вакви програми за преструктуирање не може да се направат ако овие два значајни субјекти не се внатре и не се усогласат сите работи со нив, затоа што тие имаат свој дел во спроведувањето на сите тие процеси.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Митевски.

**ДРАГАН МИТЕВСКИ:**

Господине претседател, дами и господа пратеници, Предлогот за донесување на закон за преструктуирање на дел од големите претпријатија кои во своето работење искажуваат загуби, со Предлог на закон ги сметам како едни од најзначајните акти што во периодот на економската транзиција ќе ги разгледува овој Парламент. Според тоа сметам дека тие го заслужуваат целото наше внимание и спрема нив треба да се однесуваме со најголема одговорност. Одговорноста што ќе ја понесе секој од нас и сите заедно како Парламент е голема, бидејќи со донесувањето на овој закон создаваме обврски на граѓаните и на сите стопански субјекти во земјата, како што со било кој друг закон не знам дали биле и ќе бидат создадени. Уште позначајно е што обврските треба да се реализираат во најголем дел во 1995 година и што за таа цел ќе се ангажираат и странски кредити.

III/8.-

Од образложението кон Предлогот за донесување на овој закон и самиот Предлог на закон може да се види дека за реализација на законот е обезбеден вкупен обем на средства во износ од 6,2 милијарди денари, односно околу 140 милиони долари или 12% од вкупните приходи на Буџетот на Републиката за 1995 година. Тоа е тежок товар дами и господа пратеници, за секој наш граѓанин и за сето наше стопанство, последиците што ќе произлезат од спроведувањето на овој закон, ако не бидат остварени целите што со него треба да се постигнат ќе бидат катастрофални за оваа земја.

Тргнувајќи од таквото сознание, дами и господа пратеници, сакам да укажам на некои мои забелешки во врска со Предлогот за донесување на овој закон и образложението дадено во врска со овој закон.

Прво, во образложението може да се види дека Владата на Република Македонија за да го забрза процесот на преструктуирање на претпријатијата поголеми загубари, низ одредена процедура веќе ги определи претпријатијата кои ќе бидат предмет на преструктуирање на овој закон. При одредувањето на самата листа на претпријатијата големи загубари е поддржана од Меѓународната банка за обнова и развој. Со тоа заправо е и реализиран став 2 од член 1 на Законот. Меѓутоа, дами и господа пратеници, ние немаме никаков писмен документ за таа поддршка. Совеста ми налага таков документ да барам од Владата да ни достави на увид со оглед на тежината на проблемот.

Второ, во тек на процедурата заради програмско и ефикасно преструктуирање, претпријатијата од листата на загубари изработиле сопствени програми за преструктуирање со учество на стручни тимови од претпријатијата, органите на Републичката управа, банките, Стопанската

комора на Македонија и стручните консултации од Светската банка. Од тоа произлегува дека тие програми се издржани и Владата истите ги прифаќа. Со тоа како да е реализиран и член 2 од Предлогот на законот. Меѓутоа, дами и господа, во тие програми ние кои треба да одлучуваме за донесување на овој закон и кои ќе носиме одговорност за последиците кои ќе произлезат од него, немаме никаков увид, барем јас немам досега. Во смисла на тоа, пред гласањето сакам да имам барем глобален увид во тоа што во истото се предвидува, барем толку колку што дава Владата во својата специјална програма за преструктуирање на 25-те претпријатија најголеми загубари со неопходни мерки за надминување на последиците од евентуално нивно ставање под стечај. Погледнете ја точката 5 од Образложението и другите негови делови по Предлогот на законот. Тоа го барам бидејќи тие претпријатија во минатото се правеле многу програми кои не биле остварени. Сигурно тие претпријатија имаат и програми кои беа санирани и во марковичевото време и ни дадоа резултати.

IV/1.- JJ/ЉР

**ДРАГАН МИТЕВСКИ:** (Продолжение)

Затоа барам извод од програмите или извадок од програмите на претпријатијата за преструктуриање на самите претпријатија загубари, да се доставaт до пратениците, во која смисла го предвидуваат преструктуирањето. Го познавам доволно светскиот пазар, скоро во сите области. Се движам низ целиот свет и барам на таа основа да ни се достави во што ќе се престуктуираат одредени претпријатија и во која област ќе се престртуктуираат понатаму. Имам доверба во Владата, меѓутоа совеста тоа ни го бара да го имам пред себе, да го видам.

Исто така, имам дилема и за едно фундаментално прашање кое сака да го реши Законот, а тоа е не преземање на обврски од страна на државата за кредитите за кои дала гаранција Владата на РМ. Тоа се кредитите за протитабилни зделки што се склучени во минатата година, кои што треба да се реализираат. Меѓутоа, ако веќе сакаме да ги санираме овие претпријатија, тогаш треба квалитетно да ги санираме. Ние не можеме дел од обврските да прифатиме, а дел од обврските да им ги оставиме, за кои што тие очигледно, сите, оние кои од економијата знаат и кои што раководат со претпријатијата се свесни дека тие не можат да ги отплатат обврските. Според тоа, јасно е дека ако сакаме да им помогнеме, според мое мислење, и ако сакаме веќе да ги санираме, државата треба да ги преземе тие обврски. Да ги остави чисти претпријатијата и повторно да тргнат напред.

Понатаму, исто така имам дилема во поглед на слабата посветеност на Законот во поглед на управувачката функција. Според мене, почитувани пратеници, најбитно е менаџерството. Менаџерската функција во претпријатието и да не именувам само примери, тука што се во Македонија, значат успешност на претпријатијата и големи

претпријатија, можам така сега да го посочам претходниот говорник, е< многу важна. Таму, кога сега менаџетството со 51 глас го презема државата и го има практично пакетот на управување во овие претпријатија со давање на најмалку еден се именува, што значи може да биде и само еден кој ќе биде именуван од Владата, односно од државата преку Владата, за мене е не сфатливо зашто еден човек во овие фирми не може да направи ништо. Затоа,според мое мислење треба понатаму и во оваа смисла и сега во измените на овој Закон, јас предложив и амандман во таа смисла, добро да се размисли за тоа колку луѓе треба да се испратат во тие претпријатија. Друго е прашањето дали и луѓето кои што не само поради објективни фактори, дел сигурно се субјективните фактор, заради овие загубари со години и сега, посебно кои што некои се земени, сигурен сум и за дел, најверојатно дека нема да се извлечат, поготово оние, и сега слободно ќе кажам, знаејќи го тој пазар, текстилната индустрија која што е ставена во загубарите, ризикот од средствата што се даваат, налага на оваа функција да се посвети најсериозно внимание. Само способни менаџери, само способни луѓе, именувани од Владата, од државата, може да ги извлечат овие фирми. Ние, можеме да вложиме колку сакаме пари кај нив, ако немаме луѓе и ги оставиме главни менаџери на тие фирми да останат истите луѓе и да работат во тие претпријатија, мислам дека ќе се направи голема грешка.

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, овој Парламент сметам дека се наоѓа пред една многу одговорна одлука. Ако го прифатиме овој предлог, да донесеме ваков закон, ќе направиме голем чекор кон средување на состојбите со нашите најголеми загубари. Но со тоа, свесен сум дека ќе створиме и доста големи тензии. Меѓутоа,

наспроти на се, овој Закон е неопходен, било во форма што се предлага или во некоја промената форма што ќе се види од денешната седница. Јас како таков го поддржувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Тодосија Паунов.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, Расправата по овој Закон денеска мислам дека сепак дава едно решение кое што треба да се примени, но мислам дека тоа решение ќе биде многу краткотрајно..Нема да биде долгорочно, заради положбата каква што е. Ако ние на некој начин преземеме делумично некои мерки за санирање, за ублажување за овие 25 претпријатија, до година ова време ќе расправаме сигурно за 200 претпријатија. И оние што се добро претпријатија ќе дојдат вака како и овие, ако вака остане. Мислам дека Владата, прво, треба да направи една долгорочна програма за состојбите какви се и на време да се решаваат. Да не чекаме кога ќе се згусти, кога ќе стане лоша состојбата, тогаш да ги решаваме работите. Треба на време,сукцесивно програмски да ги решаваме состојбите.

Јас не би рекол дека некој поединец или Владата е виновна за ваквата состојба што ја имаме. Познато е такви ни се состојбите. Наеднаш од договорна економија да се премине во пазарна, наеднаш да се одвоиме од една целина на посебно, со граници, со војска, со милиција, сето тоа бара време и бара решенија. Поготово со признавањето, исто така Владата направи огромни напори и претседателот и Претседателството на РМ за признавањето. Еве во тоа се успеа. Меѓутоа, другите работи, на некој начин како да ни позастанаа,

односно не се организиравме. Мислам крајно време е, дајте да направиме една програма за рационализација на државните служби. Неминовно е, потребно е, нејќам да објаснувам до крај се, меѓутоа треба, треба да донесеме закон за плати, да се уреди тоа. Не може некој да прима дупло да иста работа, а некој да има помалку плата. Овие средства, на некој начин се од стопанството, државни средства се и мора да водиме сметка за тие средства.

Кога е ваква состојбата, ајде да размислиме за некое друго решение. Дали можеме сите овие претпријатија или дел од нив да претвориме во државни претпријатија, што се од интерес, од општ интерес за Македонија. Ако е едно од тие решенија да бидат државни претпријатија, другите ќе биде управувањето, поинаква ќе биде работата во претпријатието, другчие ќе се однесуваат и раководството и работниците. Кога кажувам за управувањето, па мислам дека најголемата анархија што ја имаме во стопанството, произлегува токму од управувањето. До пред некој ден имавме работнички совети, имаше работен колектив, кој сепак нешто предлагаше како решенија . Сега тоа го нема. Направивме акционерски друштва, незаконски. Не се исполнети условите за акционерските друштва, а избравме управни одбори. Решаваат 5 или 10 работника во едно претпријатие за судбината на тоа претпријатие. Така да мислам дека ние тука го запоставивме тоа управување во општествениот имот, во нашите средства во кои сите ние на некој начин сме учествувале и оние други на граѓаните и поединци. Да не го употребам зборот злоупотреби ако има власта ќе ги пронајде, меѓутоа постојано тој имот се намалува. Да погледнеме, 10 или 12 години што е инвестирано во Македонија. Која е инвестицијата, кој е тој нов капацитет што е отворен. Се, иако е нешто отворено, тоа прави загуба. Значи без инвестиција со застарени инсталации, ние не можеме и немаме никаква можност да ги санираме овие организации за да почнат да работат рентабилно и продуктивно, и покрај сите овие, се залагам

за мерките што ги предлага Владата, дека покрај сите тие мерки не може да се направи тоа. Меѓутоа, мислам во државни претпријатија, во јавни претпријатија дел од тие да се претворат што е можно. Тоа што не може, дајте, да го санираме. Не сакам да слушам - технолошки вишок. Технолошки вишок, јас тоа не го признавам. Технолошкиот вишок е од неспособноста на раководниот кадар. Доаѓаат работниците пред Владата пред Собранието, бараат некои права. Дајте да видиме тие права дали ги искористија во претпријатието, таму каде што работат. Па најмалку до 10 директори треба да сменат во претпријатието, па дури тогаш да дојдат овде. Меѓутоа, се е во ред, директорот е многу паметен, многу добар ни е, а плата нема. Работниците нема што да работат. Кога сум веќе тука општо кај работниците што не ги извршуваат задачите, мислам нека ми се опрости ако јас, само јас погрешно мислам, а вие така не мислите, дека голем дел придонесува и администрацијата. Донесуваме закони, а се бараат некои други потврди, додатни работи по сите тие закони. Едно претпријатие да извади такви, потребни се некаде 60 до 80 документи односно листа за да може да оствари некое право. Мислам дека од тоа немаме корист и нема потреба.

Понатаму дали сме тргнале да видиме какви ни се премините на границите, спрема Србија и спрема Бугарија, да се мине и како се минува на овие премини. Дали знаеме колкави се тие трошоци што се прават 2 4 саата и 48 саати чекаше на граница. Таму каде што се нагорнците се тргнува 5 до 15 метри, па ќе застане и ќе чека. Така си минува времето. Ние гледаме, имаме ли решение, или немаме решение. Дали сме ја опремиле царинската служба во овие услови. Да. Меѓутоа, во пракса излегува дека не сме ја опремиле. Прво е мал бројот на службите. Приходите што ги дава царината изнесува толку. Само 3% се даваат за царинските трошоци, за Царинарницата. Зашто да не дадеме 5%, па ќе добиеме 15%. Зашто камионите и преминот на стоката што стои на

границата се чека два дена. Оттаму ќе дојде на терминал, стои една недела, на другиот 3-4 дена, а фабриката исто така, ги чека материјалите и фактички не работи. Па имаме ли ние стручни кадри со високо образование, па дајте да ги дуплираме, тие што ги има. Па дајте да бидеме брзи и да кажеме дека камионот мора да се оцарини за 24 часа. Мора стоката да оди во претпријатието. А ако има грешки, дајте да доведеме санкции. Кој ги направил тие грешки? Дали директорот на претпријатието, дали комерцијалниот директор и треба санкции против таквите кои навреме не ги презеле мерките. Али, фабриката мора да работи. Заради каснењето на материјалот ф-ката не работи. Работниците немаат личен доход. Настануваат огромни тешкотии и проблеми. Да се види кој ги прави. Прво, Парламентот што не можел да ги согледа а потоа и одговорните служби што се на тие места. А во основа не сме им создале услови. Дајте да создадеме услови. Така прилично ќе се измени состојбата. Сигурно поради блокадата, состојбата е и заради тоа ваква, на север и на југ. Меѓутоа еве се преземаат мерки. Но, кога ги преземаме мерките, дајте да се договараме со овие, побрзо и поефикасно за тоа имаме ли право, немаме ли право, колку го имаме тоа право, да го искористиме, навреме да го искористиме тоа право. Зборот ни е, капацитетите ни се многу застарени. Реков дека преку 10 години се стари. Во некои земји таквите капацитети ги исфрлаат од употреба како технолошки и временски застарени. Меѓутоа такви какви што ги имаме, бидејќи други немаме, дајте капацитетите да работат со полна пара. Доколку капацитетите работат, имаме нада и имаме што да продадеме, па нешто да надокнадиме. Ние вака немаме. При вакви состојби што ги имаме, мислам, пак ќе се извинам ако не сум во право, дајте да ги видиме загубарите од што произлегува загубата во овие 25 претпријатија. Од што произлегува најголемата загуба за секое претпријатие поединечно. Да видиме кои се тие проблеми во секое

претпријатие поодделно да се решат. Заради тоа реков можеби не сум во право. Најголемата загуба е од банките, од кредитите. Велиме дека инфлацијата мирува. Владата направи многу, многу во односот на курсот кон марката и доларот, односно на девизите, го задржа многу време. Во тоа е постигнат голем успех. Другите ќе ме обвинат, сигурно ќе речат, ние што извезуваме, ние немаме пари и заради тоа ги немаме парите. Меѓутоа, треба најмалку 15 артикли да ги ставиме на листа на кој цената не може да се покачува, струја, вода, превоз , леб, шеќер,брашно итн. За тие 15 артикли цените не може да се менуваат кој кога сака и кога ќе му текне. Тоа може само Владата при одредени услови, ако тоа го промени, се знае и друго што се менува. Зашто ако едно се промени, отиде се. Кој води сметка за комуналните претпријатија кои работат како претпријатија од општ интерес, за вода, за струја и др. Кој води сметка и кој решава за зголемување или намалување на тие цени и земање незаконски средства од граѓаните. На пример, за пресметка што е направен еден лист се зема 5 денари, 10 денари, 1% или 2%. Како може тоа? Што работи таа администрација и со кои средства, па да става и додатни средства во наплатата на водата, струјата итн.

Со вакви високи банкарски камати од 9 или 6% сега, а и до 25% одеше, и порано го реков, чии се тие средства што ги зема банката. Тоа се средства на локалниот инвестиционен фонд, на Републичкиот инвестиционен фонд порано и на сојузниот инвестиционен фонд. Оттаму се еден дел тие средства создадени. Е, сега има право Владата и со тие средства да кажува и да ги уредува работите. Не можам да се сложам, по минатата година се земани 7-8 плати во Заводот за осигурување имоти и лица и во некои банки се земени во декември им е исплатено, ако не е тоа, барам да се провери. Не во сите но во некој.  Е, како може

кај некои да има толку големи средства. Или да ги види- ме колкави се нивните просеци, колкави се на работниците. Банките средствата со кој располагаат, се средства на работниците. Тоа не се други средства, туку на работниците. И работникот треба да учествува. Ние создадовме банки - акционерски друштва со туѓи средства. Кој ги има средствата. Средствата ги има штедачите и штедачот треба да управува со средствата, а не да управува загубата. Оној што направил загуба, тој ли да управува со средствата. Тука не можеме да се сложиме со тоа, односно мислам јас не можам да се сложам.

Од сето ова предлагам решение, прво, колку може да бидат државни претпријатија, ако има интерес државата. Второ, колку може да бидат јавни претпријатија ако има интерес државата од тоа. И трето решение, дајте за овие претпријатија да го отстапиме целиот тој имот кој го има, а всушност и ја отстапуваме загубата зашто нема имот, на работниците , нека издадат акции, такви какви ги имаат под услов да се договориме 5 години, 8 години ни еден работник да работи да не отпуштат, да го решат проблемот, да изнајдат програми, домашни и странски програми, да го прошират својот капацитет, и работниците да останат на работа. Што имаме фајде од тоа, ако ние продадеме едно претпријатие да речеме за еден милион марки. Тој милион марки каде ќе го распоредиме-15% на пензионери, 15% ќе дадеме на девизните штедачи, 15% за Агенцијата, тоа се 40%. 60% каде? За развој. За кој развој? Па ние ова уште го мислиме, а ќе правиме друг развој. Нека го прави претпријатието, еве со тие средства, нека му се отстапат на претпријатието и тоа нека го прави тој развој.

Имам желба побрзо и поефикасно нешто да спасиме, работниците да не доаѓаат да ги бараат решенијата пред Собранието и пред Владата, туку таму да си ги бараат правата, во претпријатието, а ние нешто да

спасиме, работниците да не доаѓаат да ги бараат решенијата пред Собранието и пред Владата . Ние се да направиме во интерес на работникот. Јас реков кога беше законот за приватизација, за трансформација на општествениот капитал и тогаш доста зборувавме. Меѓутоа оттогаш наваму решенија немаме, односно решенијата се на лошо. Јас и тогаш реков дека ваквите решенија не одговараат и нема да може да се спроведат^ Ние сме во ваква состојба. Ама во Англија е спроведено во Америка. Да, спроведено е таму, ама таму е капитализам, од кога важат нивните закони а ние се уште закони не сме донеле квалитетни онака како што требеа и не можеме да ги спроведеме. Зборот ми е треба брзо и ефикасно да судовите работат. Во однос на долговите за кои се тужат меѓу странките денес се поднесува за недела решение да паѓа еден на друг да си плакат корисниците кои ги имаат мислам овие 25. Не може по 7,8, 10 години долг да се наплати. Значи неефикасна власт. Значи не работат судовите или нешто се изнајдува некои пречки да не се решаваат состојбите. Затоа мислам каматните стапки да се сведат на 1% инфлацијата ниво 1% од инфлацијата. Во изминатиот месец да речеме 1% инфлацијата а каматната стапка нека биде 2%. Инфлацијата е била 4%, каматата е 5%.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ**: (Продолжение)

Каматата нека биде 5 на средствата. Е, некој ќе каже, чекај сега не може да се покрие банката со тие средства. Да видиме рационализација, рековме, колку имаме во банките....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако може повеќе околу законот.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

За законот да.

Колку имаме работника во банките....

**СТОЈАН АНДОВ:**

За банките ќе имаме друга расправа. Друг пат.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Работникот може ли, стечајните работници и овие работници што се под овие, еве, претседателе извини, ќе завршам....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе завршам, за тој закон.

Тој закон ќе се спроведе ако направиме од помошта што ја имаме да вложиме во овие претпријатија, да ги претвориме како што реков.

Второ, бараме отштетата од странство поради блокадата мора да ни дадат дел и тоа упорно треба и да молиме да правиме, даземеме странски кредити за да се извлекуваме од оваа состојба.

Ако овие работи ги решиме брзо и ефикасно, сигурно претпријатијата ќе ни заживеат и ќе почнат да ги обновуваат своите капацитети и ќе можеме продуктивно и рентабилно да работиме. Ние, се уште не сме признати, некои банки не се признати во светот, не даваат

кредити. И поради војната што е во Југославија, односно во Босна и ние сме уврстени на некој начин, има некој страв да неможеме да добиеме од странство. Треба на некој начин да бидеме до крај упорни да прикажеме и докажеме дека во Македонија војна нема да има, не може да има. Никому зло не мислиме. Никому зло не правиме. Како некој ќе не напаѓа, зошто да не напаѓа. Со секого имаме добри односи...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, оставете ги војните. Ајде за законот. Оставете ги војните.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Законот така ќе биде спроведен но дајте да се вратиме и на Законот за приватизација....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не се враќаме сега на Законот за приватизација. За тоа треба некој да ни предложи материјал.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Јасно ми е на мене претседателе, него тоа е како предлог во иднина да ги санираме состојбите...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Друг пат, се знае како се поднесува предлог, нов предлог потпишан.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Добро, благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам,

Има збор господин Николовски.

V/3

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, во интерес на времето сакам да потенцирам неколку моменти што беа покренати овде, не впуштајќи се пред се во мотивите што е основната намера на секое поединечно размислување од нас пратениците, со цел да сфатиме дека нашата најдобра намера е да се донесе квалитетен и добар закон.

Имајќи предвид проблемите што настанаа како резултат на бројните последици и причинители за создавање на едни такви услови во процесот на транзиција, одговорот на прашањето го најдовме токму во тој дел каде што сите сега лутаме и сакаме да обезбедиме сопствен одговор. А, тоа е која е последицата односно од каде се загубите. Загубата е пред се како резултат на ниската репродукција и пренагласените трошоци. А, кои се причинителите, во овој момент не е предмет на кој треба да губиме време и излегуваме и ги ломиме копјата преку овој закон.

Во прилог на тоа сакам да кажам дека овој закон нема амбиција да даде одговор ниту пак да ги реши сите проблеми, структурални економски и финансиски во делот на вкупниот структурен стопански модел во Република Македонија. Неговата амбиција е пред се на преден план да не го потенцира во оваа фаза решавањето на прашањето на приватизација, туку да обезбеди спас и да понуди излезни решенија на понудената бројка која овој пат, во оваа можност, можеби од оваа говорница, но преку други институции се става во функција на политизирање.

Наиме, мислам дека и самиот министер во излагањето, а и Бранко Црвенковски во сопственото излагање во најавата на експозето потенцираше, односно премиерот, потенцираше дека овој дел, за еден

дел од големите претпријатија што ќе бидат и основни носители во програмскиот дел, како специјален дел беше и предмет на приоритет каде што ние не само програмскиот дел туку и во претходниот состав на Владата дадовме согласност да се извршат консултации, комуникации и усогласувања со сите финансиски институции надвор од Република Македонија. Во таа функција го ставивме и банкарскиот систем, во таа функција размислувавме како да комуницираме со светот.

Имајќи предвид дека клучното и најбитно прашање е да се дефинира самобитноста на овие 25 односно 23 плус 2 претпријатија одговорот на прашањето низ одредените решенија понудени во Законот како дефиниција, дали е тоа специјален закон, дали е пренагласена мислата или идејата за преструктуирање итн., следува и одговорот, можеме да го најдеме самите низ решенијата на тие членови. Наиме, се обезбедува одговор на поставеното прашање, не поради решавање на статусот на превработените, туку ради дефинирање на статусот на сигурноста на работното место на вработениот.

Оттука, се покренува и прашањето дали може да останат овие фирми понатаму под оној третман или под оној статус како и до сега, каде што имавме недефинирано акционерско друштво или се уште дека Законот или статусот или Законот на Анте Марковиќ е во функција и во промет, така да кажам, дека се уште постојат работнички совети ние да го одлагаме проблемот за решавање.

Сигурно е дека со овој проект не можат да се обезбедат соодветни одговори низ овие решенија, а тие одговори да ги задоволат севкупните интереси. Наиме, сигурно е дека овој закон обезбедува пред се ресврт на загубарството. Веројатно ќе го поттикне прашањето и на оној дел на фирми кои нема да стигнат, согласно на позитивните законски решенија

да бидат приватизирани, односно вклучени во процесот на транзиција како претпријатија кои беа претходно усогласени со законот за трансформација на општествениот капитал.

Мислам дека во овој дел, тоа е сопствено размислување, на овој закон можеби би требало да дадеме сугестија и во делот што кај него развојната компонентна, веројатно во условите во кои се работи не може да добие приоритетна задача, но треба да биде вградена одредена компонента што треба да даде шанса во фазата уште на преструктуирањето да на крајот од 1995 година се обезбедат основите за создавање основни елементи за поттикнување на развојната компонента.

Исто така, мислам дека во овој закон би можело да се допрецизира, можеби со програмата за преструктуирањето тоа ќе биде потенцирано, но во овој момент што ние сега не можеме да го видиме тоа е функционалната поврзаност, па дури во една прилика некој потенцираше отсуствува пред се во делот на менаџерството, постојат одредени слабости. Но, јас го поставувам прашањето лично дали сето тоа може да биде предмет на некое решение вградено во овој закон. Се обидов да најдам одговор, не успеав. Но, ако некој има идеја, би било добро некој таков амандман да се понуди и тој амандман да биде предмет на расправа, да видиме кој што со таа идеја мисли. Тоа би било добро, корисно имајќи предвид дека тоа е пред се предмет на фирми што третираат еден поголем број вработени, а од друга страна фирми кои значително учествуваат во загубарството на републичкото стопанство,односно во општествениот производ на Република Македонија.

Мислам дека би требало да се најде место во размислувањето, имајќи го предвид потенцирањето пред се на компонентата развојна, треба да се најде место, пред се на поддршката или  вклучувањето на

науката во делот на овој закон. Исто така во тој дел и проблемот на давање содржина или карактер на фондацијата. Ова го потенцирам од една наједноставна причина, имајќи предвид дека имаме доста отворени прашања во делот на специфичноста на рударството, во делот на обоената металургија, но тука не ја исклучува можноста и во делот на нафтената индустрија, а исто така не ја исклучува можноста во делот на јагленот. Но, не значи дека и минералните води треба да бидат ставени на страна. Ако тие елементи ги имам предвид пред себе, а мислам дека дел од тие прашања низ различни програми и елаборирања ќе бидат предмет, вклучувајќи го и Законот за концесии па и Законот за национализација ни дава за право да бидат заговорени и кај овие загубари односно и при овој закон.

И уште едно прашање што овде се покренува, јас не гледам толку трагично дека должничко - доверителските односи не ги третира овој закон преку овие претпријатија загубари, односно овие 23 односно 25 загубари. Ако внимателно се погледаат решенијата во Законот, одговорот е позитивен.

Да заклучам, сопствено мислење, мислам дека Законот може да претрпи можеби одредени сугестии со заклучно видување по изготвување на програмата за преструктуирање што ќе биде предмет на усогласување со мерките од страна на фирмите односно претпријатијата и Владата, да се понуди и веројатно ќе се понуди измена на одредени решенија затоа што ние практично ќе бидеме соочени со одредени проблеми. Сега, во оваа фаза, пошто овој закон нема амбиција да го решава проблемот на приватизацијата ние како пратеници мислам дека би требало да му дадеме безрезервна поддршка со сугестии тој да биде поправен, а амандманите што одредени колеги ги предлагаат мислам дека заслужуваат внимание и од страна на Владата да бидат поддржани.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ќе се обидам да бидам доста краток за разлика од претходните говорници, ценејќи го и вашето и моето време.

Историјатот на проблемот што овој закон ќе се обиде да го реши е доста долг и не би сакал на тоа да се навраќам. Едноставно тоа што во изминатите години се случуваше ќе се обидеме со овој закон во процесот да го зафатиме и да се обидеме на друг начин да работиме.

Во образложението на Законот се дадени причините основни односно желбата одредени дубиози што настануваат во стопанството со начинот на разрешување на овие проблеми до сега се надмине, така што димензиите и тежината на проблемот што овој закон треба да го решава по мене воопшто не соодветствува од димензијата на Законот, бидејќи навистина е доста мал. Има само 32 члена, односно 7 страници и тежината верувам дека на овој закон ќе биде допрва односно во реализацијата на овој закон, односно во годината што претстои. Бидејќи сепак овие 32 членови и 7 страници се однесуваат на 44 илјади вработени од кои според некои проценки се очекуваат некаде околу 15 илјади да останат без работа.

Според тоа, идејата и моја желба што сега сакав да ја кажам, со желба во понатамошната реализација, односно Владата во понатамошната реализација на законот што полесно го преброди, евентуално и заедно го пребродиме, сепак законот го носиме, е во тоа во преструктуирањето на претпријатијата да се пријде со желба пред се државата односно Република Македонија да најде свој интерес во тоа кои фирми односно поточно речено кои дејности да не речам протежира, ќе ги бара да ги има како свои индустриски гранки. Тоа е едно.

Сега, бидејќи во овој закон се опфатени претпријатија од сите дејности, но сепак мислам дека државата Македонија треба да си најде свој интерес во одредени дејности и со тоа пополека да најдеме начин и сили да ги надминеме овие проблеми. Тоа е прво.

Второ, во самото понатамошно нивно управување и одлучување во тие претпријатија односно насочување кон евентуални нови производни програми, би требало да се напуштат досегашните принципи на работа што ги имавме, беа присутни кај нас, односно да се оди кој профитабилно работење, за што сум убеден дека ќе се настојува.

И пак би рекол ќе бидам краток идејата моја и желбата да го поддржам законот, но со големи молби кон реализаторите на овој закон да најдат големи сили бидејќи тежината на овој закон верувајте тек доаѓа во идната година.

И на крајот би дал една мала забелешка. На третата страница каде што се дадени кои фирми и кои се претпријатија ќе бидат предмет на овој закон, тука гледам фирми и претпријатија од цела Македонија, но за жал од Битола ниту една не видов. Ја поставувам Битола бидејќи сум од таму. Тоа прво.

Второ, причината затоа што по број на жители сме доста застапена а како наредно причината зошто не е тука или битолското стопанство не е доволно развиено или пак добро работи. Првата точка отпаѓа бидејќи имаме доста претпријатија, а втората точка не е така и не е разјаснето прашањето зошто ни една фирма не е земена од тука. Се надевам дека со понатамошните активности ќе се најде начин и овде да се интервенира.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Димов.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседтеле респектирајќи ги причините аз донесување на овој закон по итна да не речам по најитна постапка сепак сакам да спомнам и укажам на некои работи што се прилично битни при донесување на секој закон.

Прва работа што ме тера на размислување е следно, прашањето дали има потреба под итна постапка да се донесе закон со куп одредби што се во спровитвност со речиси сите закони што ја регулираат стопанската, социјалната материја и работните односи. Може да се рече дека нема уставна основа, вкупно се, штом има неуставни одредби, што впрочем и самата влада ни го подметува во самиот текст на предлогот на законот во делот на причините за донесување на тој закон каде што, не цитирам детално, каде што Владата кажува дека овој закон ќе се коси со редица одредби од постојните закони. Мислам дека прва работа за која што треба овде да се грижиме е да носиме уставни и конзистентни закони бидејќи не треба во еден закон да се вика едно, а во друг закон иста материја да вика спротивно.

Тоа е едната работа. Значи, без разлика на намерите и добрите желби за донесување на тој закон, сепак тој закон треба да биде во рамките на Уставот и треба да ги почитува основните елементи на правото.

Сакам да кажам, ова што го тврдев да го кажам со некои параметри.

Прво, го немам законот овде и не мислам да го цитирам целиот бидејќи и покрај краткото време сигурно пратениците го видоа, имаме различен третман на организациите. Мислам дека тоа како устав- на категорија не е дозволено на ниту еден закон.

**ЛАЗАР ДИМОВ:** (продолжение)

Исто така, друга работа, која што е исто така неуставна, незаконска и не знам како, да не кажам, тоа е навлегување на нас на Собранието, во облигационите односи меѓу два стопански партнери. Ние викаме се создале едни кон други долгови, и велиме ти ќе плаќаш, нема да плаќаш. Мислам дека таа работа не е во ред, ниту може да биде во ред.

Исто така, различен е третманот на работниците каде што се цитира таму некои членови во Законот за санации итн. Не за санации, туку за стечај итн., каде што овие работници се ставаат во некоја друга категорија. За нив не важат некои членови, тие и тие. Ова е во делот што се однесува до Уставноста, односно до уставноста и законитоста на одредени одредби кои што ние сега овде треба да ги донесеме.

Владата си направила алиби со кое што кажала дека ние предлагаме и ќе има косење со други закони, но потребите се такви. Не знам дали може да се направи алиби, но сигурно ние не може ќе да си направиме алиби после тоа сознание ако гласаме за таквиот закон. Овде, исто тага, со последиците кои што ќе произлезат од тој закон дефакто тој закон се коси со политиката која што ние ја зацртуваме како приватизација. Имено, сето тоа многу личи и мириса на рационализација. Зошто? Еве ќе кажам.

Прво, вели дека државата се појавува како главен кредитор, голем мерак на државата да биде банкар. Ќе вложиме 150 милиони долари таму или 4 0 милиони долари таму, ни пакетот на актите ќе го земиме 51%, со испраќање на еден наш човек таму, сета работа да ја среди. Зошто велам поддржување, некој ќе праша не е поддржување. Како не е поддржување кога по одредбите на истиот тој закон тој управувачки тим таму што управува ќе има право да продава дел со тој капитал таму, кој

што беше ставен на страна во другите организации, ќе има право да продава и акции. Практично, тоа е право газдинство. Мислам дека ова се ова основните мои забелешки во уставноста и законитоста на овој закон во одредбите на овој закон и по политиката која што викаме дека во интерес на создавање на мотив кај вработените, треба да одиме кон приватизација, ние правиме поддржавување. Сигурен сум дека вакви услови не ни поставуваат луѓето од меѓународниот монетарен фонд. Повеќе од убеден сум дека такви работи не ни ставаат. Последици- те многу ни се јасни. Вакви програми порано ги викаа санациони програми. Вакви програми нема да имаат резултати од проста причина што економ- ските услови кои што ние како Собрание преку одредени закони треба да ги донесеме ама баш во ништо не се менуваат. Едноставно што се прави? Едноставно се прави следната работа. Работниците, а во името на работниците се отпуштаат. Гарнитурите кои што ги водеа тие колективи криви или прави, не е важно колку се економските услови криви, колку тие биле криви, тие помалку или повеќе гарнитури остануваат, бидејќи слушнав програмите се изработени заедно со експерти од надвор со екипи од организациите или ќе се из работат, не ми стана јасно но не е важно, важно е ако не се изработени, ќе се изработат пак од тие луѓе. Сега, новината е овде што уште еден државен човек ќе се додаде. Јасна е работата. Во овие големи колективи и досега беа раководните луѓе државни луѓе. Таму и директори тие луѓе ги определуваа, претседател на Влада, до Влада, министри, јасна беше таа работа. Да не си правиме со умот бајрам тоа е позната работа. Сега ќе придодадеме уште еден човек, државен, подржавен човек, и работата да се среди.

Мислам дека тука резултат ќе нема, бидејќи економските услови не се менуваат, луѓето не се менуваат, се си останува исто, а очекуваме резултати. Ова ќе биде уште еден начин општествениот капитал кој што е во функција на производството па пак да го претвориме во

потрошувачка. Сега гледаме дека се намалија парите од таа трансформација на општествениот капитал, не во приватизација, туку во потрошувачка. Сега ќе дојде приватизација во функција на производството кое било добро, но таа приватизација и на овој и на друг начин се претвора во потрошувачка, нешто што ништо не создава и последиците ќе бидат јасни. Ќе се истрошат и овие пари, тие луѓе кои ќе ги задеси несреќа таму без разлика што ние овде им велиме дека нешто поубави услови ќе важат, отколку за другите стечајни работници, перспективи добри, но ние ќе им дадеме подобри услови, со тоа мислам дека само ќе си навлечеме проблеми и мислам дека нема да им биде не тие луѓе подобро и за да после 7 или 6 месеци дојдеме и да кажеме дека не бива оваа работа и повторно нешто наново, втори санациони програми.

Мислам дека ова ни е совршено јасно и од дискусиите на поголем број дискутанти, горе-долу ова што јас го кажав - вака како што го кажаа, но во една таква фина и пригладна форма, луѓето се стегнати малку со партиски стеги и сигурно ќе внимаваат како тоа ќе го изнесуваат. Од прилика сите кажаа овој е многу добар закон само што во него ништо не чини, но ние сепак без него не можеме. Ќе гласаме и од прилика сето тоа на тоа се сведуваше.

Јас сметам дека ние со ова како последица, не економска последица ќе си направиме, парите ќе си ги истрошиме, сепак ќе ги собереме под претпоставка дека треба некој да ги даде, ќе ги потрошиме, но една тешка политичка последица ќе имаме. Која е таа последица? Лесно е да бидеш добар, тешко е да бидеш правичен. Ние сега ќе ги најавиме и ќе им дадеме некоја пара на овие работници, но имаме многу други работи. Тие истите работници ќе дојдат тука. Сега мене ми се врти целата работа во три до четири елементи и тоа се гледа.

VI/4.-

Првата работа, постојано морам и на претседателот да му обрнам внимание, тоа ќе го забележи тој, јас, обрнувам внимание и уште еднаш поставувам прашање. Кога на овој парламент ќе почнеме да донесуваме закони во нормална состојба. Кога во редовна постапка. Јас се респектирам и итност и друго, но може да се случи во овој период ама баш ниеден во редовна постапка да дојде. Сите под итна, а пак сега уште и најитна. Овој материјал за ова преструктуирање како модерно се вика на одреден број на претпријатија го добив вчера во 3 или 4 часот. Комисијата под итност се свика и мислам дека нема место за алиби на таквите работи. Сметам дека ваквите работи треба да одат по одреден ред. Постојано овде не плашат од меѓународниот монетарен фонд и не знам кои тие таму чуда, јас мислам дека тој меѓународен монетарен фонд и тие економски асоцијации веројатно определуваат некои граници, сигурно тие не дошле железарата да ја гледаа и ФЕНИ ХЕМТЕКС и други. Сигурно тие не ги гледале. Сигурно слушале што нашите стручњаци од Владата им кажувале. Повеќе сум од убеден дека меѓународните монетарни институции немаат желба да даваат пари на државата. Државата може да биде само гаранција. Тие секогаш имаат желба да даваат на конкретен газда кој ќе бере гајле за тие пари. Ова многу ме потсека на социјалистичкото време. Државата главен кредитор, главен инвеститор. И како се завршуваа работите, јасна беше работата. Сега пак се врти, ние вели на работниците многу убаво им мислиме. Не спиеме цело време на работниците им мислиме убаво. Ние едноставно се плашиме, голема концентрација на работници тука, што е страшна работа, а ваму во провинцијата каде што се е деконцентрирано од нив немаме многу страв. Но, од овие ќе ни испаднат 8 илјади. Добро, и нив ќе ги решиме, вака ако продолжиме ќе ги решиме, ќе ги децентрализираме. Ќе се најде решение горе-долу и тие ќе си го видат својот аир, но мислам дека политичкиот проблем што произлегува од ова е тој дека ние овде на овие врати ќе чукаат и со право ќе чукаат многу голем број на работници

и организации. Мислам дека некои може да се прави св. Петар или господ, работниците ги сака, исто така ги сакам колку можам да им помогнам по тоа секање но, мислам дека последиците по ова ќе бидат и економски, тешки, страшни, а исто така и политички што е многу битно ова време.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитувам претседателе, дами и господа пратеници. Со предложениот закон за преструктуираше на дел од големите претпријатија загубари, сметам дека и покрај обидот да се уредат едни многу сложени состојби во економијата на Република Македонија, поради итноста со која се тере целата постапка може лесно да се случи многу работи да се покажат како неодржливи или како не најсреќно избрани решенија и ако овој закон сметам дека е неопходен.

По однос на самиот закон сметам дека не е изнајдено најкомплексно решение за работниците на кои ќе им престане работниот однос по однос на преструктуирањето, бидејќи со предложеното решение им се овозможува само еднократна парична помош. Сметам дека треба да се отиде чекор подалеку и на овие работници кои ќе бидат жртви на состојбите во овие претпријатија да им се овозможи и уживање на други бенефиции се со цел да им се овозможи со што помал ризик да се вклучат во економските текови на државата преку приватната иницијатива. За оваа цел сметам дека треба да им се овозможи ослободување од давање на одредени давачки кон државата, овозможување увезување на неопходни работни за вршење на дејност без да платат царини до одредена висина.

Исто така, сметам дека во претпријатијата кои искажуваат загуби е забележана една појава која е во спротивност со принципите на рамноправност на граѓаните со тоа што на сите вработени им се бара

уверение на државјанство со закана дека доколку не достават во определен рок уверение автоматски им престанува работниот однос. Без да се води сметка за фактот дека тој работник целиот свој работен век го има по- минато во' тоа претпријатие. А притоа, не се води сметка и за тоа дека одреден број работници, иако се државјани на Република Македонија не го поседуваат документот за државјанство, па поради спорноста на решавање на овие прашања од страна на администрацијата, или пак некои барања, некои граѓани кои имаат веќе доставено барања се уште немаат добиено решение.

По однос на овие прашања бенефиции, дискриминаторски однос кон одредена категорија граѓани имаме доставено и два амандмани со кои правиме обид да се исправат овие состојби. Се надевам дека ќе бидат прифатени за да се овозможи поповолна положба на работниците на кои им престанува работниот однос, како и оневозможување на дискриминаторскиот однос кон одредена категорија граѓани), кои се жртви на вкупните промени кои се случуваат во регионот, како и на односот на државната администрација на ) која за едно едноставно барање на државјанство и треба неразбирливо брзо време за решавање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин Пецов.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Јас сакав само еден аспект да истакнам во врска со овој предлог на закон, беа истакнати доста и не сакам да се повторувам, сакам да го истакнам регионалниот аспект на овој предлог закон, бидејќи ако се погледнат претпријатијата од кои места потекнуваат, ќе забележиме дека тие потекнуваат некаде од 12 града, односно од 18 општини, односно ако сакате по прецизно тоа се сите засега развиени општини, од неразвиените општини 14, ми се чини само две има таму застапени од нив. Мислам дека овој аспект не е гледан регионалниот аспект и ние доста патиме со години, со децении на таа тема и мислам дека овој јаз ќе продлабочува, загубари има и во

VI/8.-

неразвиените општини а тие имаат уште поголеми проблеми. Меѓутоа, тие повеќе ќутат помалку се агресивни во таа смисла. Мислам дури се покажа доста вака менаџерите од развиениот општини дека се поагресивни во добивање на поголеми кредити, во градење на поголеми претпријатија во правење на поголеми промашаи и може да ни се случи и сега со 140 милиони долари, тоа се многу пари и тие не може да се прибираат сите подеднакво региони на оваа општина, на оваа Република, макар што може би светската банка или слично го гледа поинаку од тоа, меѓутоа, ние ако сме правични, ако сме добри раководители на оваа држава мора подеднакво да се мисли, бидејќи иако не е во овие ,25 загубари толкаво претпријатие, за некоја општина претставува доста значаен момент за развој на други претпријатија. Така што мислам дека треба тој сегмент да се има во предвид, да се има соработка, за што јас чувствувам дека нема доволно соработка, или не се почитуваат ставови на Комора, не се почитуваат ставови, може и агенции сега во овој случај |и дека со една покомплексна соработка може да се направи едно поарно решение, кое ќе одговара и ќе задоволува грото од Републиката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Чифлиганец

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван претседателе и почитувани пратеници, во претходните дискусии беше доста истакнато за позитивните работи за донесување на овој предлог закон и за негативните работи, но јас би сакал пред оваа говорница и пред овој парламент да кажам како јас како пратеник се чувствувам во оваа прилика. Се чувствувам кога ги донесуваме овие закони како еден нормален обичен делегат односно член на Работнички совет каде што се уште постои моето претпријатие. Јас не би сакал да се сомневам во ова што ми се предлага од страна на Владата, од страна

на ресорните министерства, но би било добро да имаме барем список од на претпријатијата од кои побуди најмногу се поаѓа. Затоа што и тоа беше истакнато преку дискусиите, ги познавам овие 23 најголеми загубари, но јас з нам дека дел од претпријатијата и не би сакал сега да ги именувам живеат многу подобро, производно и финансиски и преку личниот стандард, плата на вработените итн., од многу претпријатија кои мислиме дека се многу успешни и во овој момент ќе бидат успешни и понатаму. Од колегијалност спрема нив, спрема моите колеги не би сакал да истакнам, но би сакал во самиот себе да се сомневам дека тоа е направено од некои побуди дека овие претпријатија можат да бидат уште подобри, односно можат да го понесат и останатото стопанство и да дадат некои рефлексии на останатиот севкупен живот. Би сакал да биде една од причините основните мотиви што се во списокот на овие 23 загубари во тоа. Иако лично јас се сомневам во тоа, но би бил пресреќен кога за шест години од денот било тоа.

Веројатно при изборот на претпријатијата сакале или не сакале од повеќе мотиви се поаѓало. Од превработеност, од заостанат технолошки процес, од можност кога се управува и учествува во управувањето од аспект на држава, од аспект на од горе дека може производството да се зголеми, но би бил како пратеник доста разочаран ако само се поаѓа од аспект, а јас морам да кажам и контактирам со овие субјекти кои се во претпријатијата дека се сега приликата да дадеме 12 од- носно 24 плати да се ослободиме од превработеноста. Мислам дека тоа треба да биде мотив најмал. И моето јавување е за. Ние пред малку, јас гласав кога колегата од Битола зборуваше за тутунопроизводителите и замислете кога тоа ќе биде на дневен ред какво реагирање ќе има од секоја општина, кои ги има 35. А зошто го велам тоа? Затоа што во овие загубари се опфатени 30 илјади вработени, а кај тутунопроизводството односно кај аграрот ги има знатно, знатно повеќе.

VI/9.-

Ако можеме ние да издвоиме 140 милиони долари, за овие претпријатија, што не сум против, зошто не можеме за еден голем сегмент на наши граѓани, еден огромен слој на граѓани кои зависи од политичка и без бедно економска состојба. Да кажеме да издвоиме 30,40 или 50 милиони долари, еднаш годишно за тоа што велиме немаме примарни емисии итн. Значи, сега се залагаме за овие 30 илјади, а за останатите, знатно повеќе кои се бават со земјоделството во аграрот, во тутунопроизводството, сточарството итн., ќе имаме друг аршин. Мислам дека еве овде апелирам спрема Владата и спрема сите нас пратеници да имаме ист аршин и спрема оние во Треска и оние во САДА, и оние во ЗИК Радовишко поле, Струмичко поле, Пелагонија итн. Намерно тоа го зборувам.

На крајот, ќе гласам јас з а овој закон, меѓутоа, мислам дека тоа се реформи и да не сум упатен и да се сомневам од култура, од почитување итн., и од верба во оние луѓе кои го донесуваат. Но, јас би сакал и како пратеник, која е мојата одговорност.

VII/1 ДВ/ЛБ

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:** (продолжение)

Не сакам утре да кажат, овој Парламент, оваа Влада итн. Би сакал одговорноста да биде изострена кај ресорните министри, кај одговорните субјекти кои што се најмногу упатени. Така да ако денес сме јануари би сакал првите знаци на овие загубари да бидат во шестиот месец, во 12-от и да ги знаеме причините каде се остваруваат и причините каде не се остваруваат, како би можеле утре да имаме поголема доверба пред било кој закон да го донесуваме.

Ако ние не направиме една анализа, не мораме да расправаме во Парламентот, но ресорното министерство, мислам Министерството за стопанство, Министерството за финансии па и Владата би било добро и јас би бил задоволен, барем на 6 месеци,, после периодичната пресметка и после завршната сметка на 12 месеци за овие загубари да добиеме една кратка информација за постигнатите резултати. Не само дали ќе бидеме задоволни или незадоволни. Ако сме задоволни утре ќе бидеме похрабри, ќе бидеме уште пореформски расположени, не 23 туку да бидат 43, 53 и 100 загубари кои ќе ги санираме. Значи чувството на одговорност но не на одговорност морална овде, овој одговорен, овој е недоговорен. Ако имаме изострено чувство на одговорност од аспект на економија, на подобро работење, треба после шест месеци секој пратеник да добие една информација што е добиено, а што не е добиено.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас исто така ќе бидам краток од аспект да допуштам сите пратеници да се произнесат по овој закон бидејќи сите велиме дека е многу тежок, доста актуелен и многу важен за државата, и за народот и за граѓаните на РМ. Во тој контекст ќе се задржам само на неколку работи кои се сместени во самиот закон и за идејата на овој закон.

Пред мене многу покомпетентни луѓе се произнесоа за економската вредност на самиот закон и тука јас немам некоја посебна забелешка ниту ќе настојувам да дадам некој посебен прилог во тој дел. Меѓутоа, морам да признаам, а тоа искуството го покажа дека ние секогаш носиме закони, меѓутоа практичната вредност на тој закон сеуште не ја знаеме, како сега тој практично ќе се кредитира во средината во која треба да го реализираме самиот закон, а имаме ние многу примери кога беа донесени закони во претходниот Парламент па можеби и овој закон, да се надеваме дека ќе има своја практична вредност , имајќи ги предвид тука неколкуте закони, еве Законот за здравствена заштита, Законот за здравствено и пензиско осигурување и некои други закони кои се покажаа на непрактични. Меѓутоа, мојот колега Љубисав Иванов, член на Социјалистичката партија кажа една многу убава реченица - можеби треба да направи секогаш некаков експеримент на одреден закон кој треба да се носи за во таа практичност да ги осознаеме сите проблеми врзани за едната и за другата страна и тогаш. можеби, побезболно ќе ги поминеме. Меѓутоа, тоа е тоа, добро е што треба да носиме еден ваков закон.

Второ што почувствував за потреба и така јас размислував како пратеник дека тука ќе имаме едно поголемо образложение кон законот, па дури се носев и со една идеа дека ќе имаме и производни и технолошки програми на овие 25 загубари кои ќе ни бидат презентирани пред нас и ние ќе можеме сепак по нив, колку толку да се произнесе, ако не друго да бидеме барем доволно информирани за состојбата.

Друго што за мене, тоа и највредно од она што сакам да си го кажам дека овој закон не го прати квалитетна социјална програма. Можеби ќе ја прати меѓутоа, ние како пратеници тука ја немаме заедно со овој закон за да можеме до крај да видиме што значи таа социјална програма, а верувајте дека за реализација на овој закон е најбитна баш оваа социјална програма. Во државите каде што се вршеле крупни

реформи оваа програма била најквалитетна и дури државата многу повеќе размислувала како таа да ја подреди за да немаме одредени конфликтни и други ситуации меѓу вработените и невработените. Зошто го зборувам тоа?

Статусот на вработените е едно, а проблемите односно правата и обврските се едни, а на она лице кое не е вработено, што е во Заводот за вработување односно, рековно, технолошки вишок итн. се сосема други. Ние мораме да направиме еден сериозен ред во тој дел заради тоа што сите права кои произлегуваат на лицето кое е вработено поаѓаат од неговиот труд , тоа е плата. Меѓутоа сите права и обврски што произлегуваат сега од невработеното лице се врзани за повеќе закони. Ние ги знаеме системските закони кои го регулираат ова прашање, да речеме Законот за вработување, Законот за работните односи, Законот за пензиско и инвалидско осигурување, Закон за социјална заштита и разни други одлуки кои на некој начин ја сочинуваат таа социјална програма. Меѓутоа овде имаме само неколку членови кои задираат во социјалната програма, меѓутоа, морам да ви кажам дека е тоа многу палиативно, недоволно. Тие членови не обезбедуваат никаква социјална сигурност, освен да создадат конфликтна ситуација.

Ќе ви кажам еден пример во однос на стечајните работници. Ние сега според една информација на фондот за пензиско и инвалидско осигурување велиме околу 49 организации имаме кои се во постапка на стечај и кои се во стечај. Колку работници дојдоа во криза за остварување на одредени права. Ние ги префрливме на Заводот за вработување, стапката во тој Закон е многу ниска, нема пари, дури и службите не беа подготвени да ги прифатат овие лица. Што значи тоа? Катастрофа за она лице кое треба ние да го ослободиме од работна организација и во тој дел мораме да водиме посебна сметка.

VII/4

Посебно мислам, информираноста дали е доволна. Јас лично сметам, бидејќи овој закон се носи по итна постапка, гледате дека и ние пратениците сме многу помалку информирани, а да не зборуваме за работниците, Затоа јас лично се залагам, и покрај тоа што треба да го донесеме овој закон, морам да кажам дека јас сум за донесување на овој закон заради тоа што ние генерално и во претходниот состав на Парламентот и во разни ситуации дури и со искажувањето со експозето на нашиот премиер за генералната политика на Владата ние конкретно се согласивме дека покрај другите прашања ние ќе имаме и 25 загубари што треба многу сериозно да ги разрешуваме овие проблеми. Така да тука нема дилема за донесување на овој закон, меѓутоа зборот ми е за содржината на истиот.

Да се навратам на овие три члена. Гледате дека сега има- ме еден сериозен проблем. Ние го признаваме правото на пензиско и инвалидско осигурување а не го признаваме на здравствена заштита. Стечајните работници имаат толку сериозни проблеми баш со тој дел. Своевремено во тој дел не обезбедивме здравствена заштита а пензиско инвалидско осигурување обезбедивме. И сега направивме конфликтни ситуации итн. Се плашам, најискрено да ви кажам, бидејќи имаме 44

илјади вработени , а од тие 44 илјади околу 35 илјади треба да ги ослободат работните места. Во тој контекст ние треба доволно да ги информираме, да се вратам на она претходно што го какав. Во организациите односно во претпријатијата, па и Владата, па и ние пратениците треба квалитетно да ја објасниме оваа трансформација, до крај преструктуирањето. Инаку во спротивно јас ви тврдам дека и ден денес најголемиот број на работници, бидејќи јас бев и претседател на комисијата за труд и социјална политика, да ви кажам дека имам разни дописи до мене , што ќе правам многу ми е тешко, имам 23 години, некој има 32 години итн. Тоа се тешки моменти за оној кој ги доживува, а кој

треба да го ослободи работното место. За бизнисменот не е тешко, има пари, има се. Но, за работникот кој живее со 4.000, 5.000 или 6.0 00 денари многу е тешко. Дури они велат како ќе не прифатат бирократите во Заводот за вработување, во центарот за социјална работа, во некоја друга институција, во пензиско инвалидско итн. за да ги остварувам своите права. Така тој се деградира и на која на краиштата, според мене има тој одредени психолошки конфронтации со својата личност. Затоа се залагам, откако ќе го донесеме законот, а сум да се донесе законот, ние да направиме извонредно квалитетно информирање на сите вработени, па и на граѓаните, на целата јавност, како би можеле да го прифатиме до крај и да ги немаме оние тешки и конфликтни последици.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Почитуван господин претседателе, дами и господа пратеници, пред да кажам неколку реченици по оваа материја сакам да кажам дека се приклучувам кон колегите кои го дигнаа својот глас за една ваква материја од огромно значење да се донесе по итна постапка, посебно што овој предлог на закон може да има сериозни социјални регионални, па ако сакате и политички импликации. Воедно користам прилика да кажам, со оглед на тоа колкав обем на средства се вложуваат овде, веројатно пред Владата и пред овој Парламент постои огромна одговорност до колку не се реализираат основните определби од овој закон. Меѓутоа да понам со излагањето.

Во оценката на состојбата и целите кои треба да се постигнат со овој предлог закон се алудира на тоа дека огромните загуби се постигнати поради губењето на пазарите и примената на санкциите и блокадите спрема и од нашите соседи, без да се влезе подлабоко во анализата кои се освен овие објективни, за мене овие се објективни причини, субјективните причини за неефикасното работење на овие

претпријатија загубари и тие таксативно да се назначат за да имаме преглед кон истите. Во спротивно до колку огромниот број од проблемите се должат на блокадите, веројатно откако тие ќе прекинат има шанса овие загубари да опстанат. Според тоа не би требало да правиме толкава врева во однос на тоа.

Понатаму самата Влада назначува дека се работи за дефанзивно преструктуирање што во себе кажува дека ќе се затвараат нерентабилните делови од претпријатијата, што веќе и стои кај одделни претпријатија . Кај огромен број загубари веќе огромен дел од претпријатието веќе не функционира. Тоа веќе не работи. Понатаму затворање на лоши делови кои кај грото од нив веќе се затворени. Ослободувањето од вишокот на работната сила, сведоци сме дека огромен дел од нив се на принуден одмор. Веројатно овде држи и тоа , намалување на тековните трошоци по разни основи кои, се разбира по оној наш балкански менталитет ги задржуваме.

Понатаму се оди на тоа по која методологија и по кој критериуми се одредени овие загубари. Тие се јасни, прецизни, опстојни, тука дискусија нема. Едино останува колку има субјективизми. Овие критериуми во три фази, од 360 претпријатија се доаѓа на 25 претпријатија загубари и каде се назначува дека тие учествуваат со 8% во вкупниот доход и 54% во вкупните загуби, меѓутоа, без да се навлезе во проблематиката што е со останатите загубари, со колкав процент тие учествуваат во вкупниот доход и со колкав процент тие учествуваат во вкупните загуби. Ова токму поради тоа да не дојдеме во ситуација после извесен период , па сега оваа шема да ја применеме и на другите претпријатија, а мислам дека ги има 360 на број , ако не и повеќе. се вели

Понатаму во анализите на Владата се вели во овие претпријатија забари направени се сопствени програми за преструктуирање во кои покрај стручните тимови на претпријатија влегуваат и органите на Републичка управа, банките и Стопанската комора на Македонија и

стручни консултанти од светска банка, меѓутоа дали е случајно пропуштено или навистина не учествувал синдикатот, не ми е јасно. Не смееме да го заборавиме синдикатот во најмала рака коко модулатор на реакцијата на вработените. Тој битен амортизер на социјалните тензии не смее да се испушти од вид со оглед на тоа дека ќе може да дава одредени сугестии и забележувам дека и синдикатот излегува со едно свое барање овде пред Парламентот.

Во анализите на Владата претпријатијата загубари се поделени во три категории. Многу добро формулирано. Претпријатија или делови од претпријатија кои не можат да работат рентабилно под ниедно реалистично сценарио а при тоа не се назначува кои од овие 25 загубари спаѓаат во таа категорија. Тука веќе преструктуирањето нема ефект. Едино преструктуирањето доаѓа предвид кај овие две групи претпријатија или делови од претпријатија кои можат потенцијално да бидат рентабилни, меѓутоа е потребна анализа за преструктирање, со тоа што овде се избегнува фактот во оваа состојба колкаво време им е потребно на овие претпријатија да станат на нозе. Најиделана категорија за преструктуирање е третата -претпријатие или дел до претпријатие со кое со краткорочните мерки што се предвидуваат во програмите за преструктуирање ќе можат во блиска иднина да работат профитабилно. Ова е многу битно и овој дел е многу битен тука оваа програма да се применува.

Понатаму се предвидува дека со оваа програма ќе останат без работа околу 15 илјади вработени. Тоа ќе биде социјален товар и се плашам дека ќе има многу лоши импликации со оглед на тоа дека веќе на мала врата се воведува пракса, скоро пред секое доаѓање во Собранието да наоѓаме луѓе пред Собранието кои штрајкуваат. Мислам

дека тие пресии и понатаму ќе продолжат и ова ќе биде еден тест на постојаноста на Владата на оваа Програма.

На крајот , рековме дека претпријатијата загубари направиле своја програма за преструктуирање, а веќе во наредниот текст вели вака: "Претпријатијата кои ќе се поддржуваат со решенијата од законот ги определува Владата на РМ , а нивното преструктуирање ќе се врши според посебна програма за преструктуирање што ја носи Владата на РМ". Не е ли тоа во најмала рака ревизија на програмите за преструктуирање што претпријатијата веќе ги направиле, или тие воопшто не се направени.

Вели: "Со законот се воспоставува обврска за изработка на оперативни планови од страна на претпријатијата за остварување на нивна програма". Ова многу држи, ако веќе држи. Ако веќе постојат програми за преструктуирање веднаш да се почне со оперативни програми. Членот 28 од Предлог законот во извесна смисла се коси со ова со оглед на тоа дека на претпријатијата им се дава рок од 6 месеци за отпочнување на Програмата за преструктуирање.

**ЌЕНАН ХАСИПИ**: (Продолжение) VII/3

Постапката за стечај се покренува и за претпријатијата кои во рок од 6 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон не е отпочната постапка за преструктуирање, ова го прочитав со оглед на тоа дека претседателот на Владата дали не добро се изрази, меѓутоа, тоа е така. Шест месеци од отпочнување на постапката за преструктуирање.

И на крајот да завршам многу дискутабилен дел во областа на остварувањето на управувачката функција во претпријатијата, со законот се предлага Владата на РМ во управните одбори во претпријатијата да именува најмалку 1 член, а тоа да изнесува најмалку 51%. Тоа претставува еден вид на мининационализација и веројатно би имало импликации во втората фаза односно во фазата на приватизацијата на претпријатијата.

Благодарам.

**ИВАН БОЈКОВ:**

Г-дин претседателе, колеги пратеници, Ќе бидам краток бидејќи не сакам да се повторувам во размислувањата со повеќето дискутанти со кои се согласувам особено со размислувањата на колегата Чифлиганец. Состојбите во стопанството ги следам и ги знам, го проучив и законот кој кај мене предизвика многу дилеми и размислувања, но со самиот факт што се предлага по итна постапка зборува за тоа дека состојбите се навистина се толку акутни што и немало време за сите оние потребни, според мене, и според размислувањата на многу дискутанти потребни консултации и активности на повеќе нивоа.

Законот полн со решенија со кој што се ставаат вон сила одредбите на други закони е акт кој што оправдано предизвика многу различни размислувања и ставови. За мене, а сметам и за нас е најважно дека мораме да ја поддржиме Владата во барањето на излез од акутните состојби во стопанството, па и кога во тоа има многу неизвесности и ризици. Остварувањето на овој закон на програмата на Владата и на оперативните програми на претпријатијата за кои овде зборуваме е сврзано со многу неизвесности од објективен и субјективен карактер. На пример од објективен карактер неподобрувањето односно евентуално и влошувањето на вкупните состојби со опкружувањето и со сите последици од тоа се навистина работа која пред нас престои и е неизвесна.

Повеќе би се задржал на оној субјективен карактер. Ако на секој вработен особено во овие претпријатија за кои што зборуваме, ако и на секој вработен во нашата држава па и на секој граѓанин во државата не му биде јасно дека ова е можеби последна шанса да се спасиме од најлошото односно од колективен банкрот во стопанството па и во државата бидејќи последицата од несредување на состојбите во стопанството се фактички тоа. Ако спрема овој акт се однесуваме па и спрема другите мерки што ќе следат од реформите, се однесуваме на начин како што тоа многупати сме се однесувале во блиското минато во реализацијата на разни програми тогаш навистина не не очекува нешто подобро. Но, убеден сум бидејќи пред нас претстои односно имавме неколкугодишно искуство каде што доживеаме, преживеавме се и сешто, дека нашата свест и позитивно се менува и дека максимално ќе се заложиме за спроведувањето на овој закон и на другите мерки од реформата.

Инаку да не се залажуваме, сметам дека ни една Влада, ни еден претседател, ни една држава не може да опстане ако стопанскиот систем се блокира и распадне, ако без работа и средства за живот останат илјадници наши граѓани. Поради тоа јас ќе гласам за овој закон свесен дека е проследен со многу неизвесности и ризици, свесен и за одговорноста во неговата реализација, но и свесен дека уште пострашно ќе биде ако ништо не преземеме или нешто ненавремено преземеме.

Благодарам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, има една стара изрека која е настасната кога парламентите почнале да се појавуваат во светот и таа отприлика гласи дека кога заседава Парламентот во државата не е сигурен ничиј имот и ничиј живот. Тоа било праксата на првите парламенти кои во најголем дел биле притиснати од некаква друга власт најчесто царска, монаршка итн. Меѓутоа, со текот на времето останала како еден добар историски поук за тоа што парламентаризмот носел или можел да носи.

Мислам дека ние со овој закон денеска половина од оваа изрека ќе ја потврдиме на најдобар можен начин, а тоа е дека во моментот кога заседава парламентот ничиј имот не е сигурен. Со многу одредби на овој закон дефакто ние го прогласуваме за несигурен имотот на многу физички и правни лица во оваа држава. Мислам дека елаборација зошто е така не е потребно бидејќи многу пред мене изразија, кажаа на кој начин тоа се остварува.

VIII/4

Втората моја опсервација по законот, генерално во оваа фаза кога разговараме за предлог за донесување на закон е дека ние градејќи ја правната држава секако дека сме склони да мислиме дека правна држава е оној пат кога сите ние се однесуваме по законите и Уставот. Меѓутоа, не Полјаку. Но, што се случува кога носиме закони кои дефакто не се во склад со законите и со некои општо пропишани норми во 2 0 век. Носиме закони кои не се веќе во ничиј опсервации дел од некаков политички, економски систем кој го градиме. Дали е правна држава ако носиме закон со кој ние јас ограничуваме основни права, со кои ограничуваме имоти, со кои можеби прогласуваме на некој начин, можеби прегрубо ќе се изразам, некаква економска вонредна состојба, а не постои таква, или не сме се договориле дека постои во овој Парламент. Значи ние со овој закон дефакто ќе докажеме дека правната држава во Македонија мораме да ја деродираме во секој момент и тоа со оние кои се по Уставот принудени да ја штитат правната држава со одлуки на Парламентот во вид на закони. Да прогласуваме несигурни имоти, несигурни пласмани не заради погрешни проценки туку заради законодавни односи итн.

Мислам дека тежината на ваквите размислувања на секој посебно од нас ќе постои се до оној момент додека не бидеме демантирани од праксата или од остварувањето на законот дека не е поинаку. Лично не сум до крај убеден дека овој закон ќе ги даде само оние позитивни ефекти кои Владата во своето воведно излагање и во образложението на законот ги понуди пред овој Парламент. Ние сепак со овој закон правиме некои крупни отстапувања од оние идеи за кои пред 3-4 години сите се деклариравме во оваа држава и на чиј пат тргнавме. Можеби е логично Да помислиме дека со вакви закони ќе можеме ад кох да

решаваме ситуации. Исто така се плашам дека може ад кох ситуациите во нашиот Парламент да станат перманентен и логичен начин на однесување. Да помислиме дека во оваа држава стопанствениците и менаџерите не се способни да управуваат со претпријатијата, дека можеби ние во Парламентот и Владата подобро знаеме да управуваме, па на сите да им кажеме вие од утре нема да управувате, ние со еден член од еден закон од пет збора ќе кажеме ние имаме 51% на нашите права на управување, дека утре ќе му кажеме на некој ти нема да можеш да наплатиш ништо. Јас не можам да проникнам во суштината на законот, ќе кажам еден пример со однапред оградување дека можеби законот тоа не го предлага, меѓутоа, од она што можевме да го проучиме за еден, два дена, ние со овој закон укинуваме судски одлуки, претпријатие кое има ненаплатени побарувања по судски пат кое ги оспорува, кое ги добива од еден од 23-те загубари, судската одлука стигнува во Заводот за платен промет, станува извршна, ние со еден член на законот му викаме на судот твоите одлуки од утре не важат. Ние ја дерогираме и судската власт.

Ние во овој Парламент почнуваме да концентрираме премногу моќ на начин на кој парламентарната демократија не би сакала да ја концентрира моќта. Едноставно навлегуваме во судството, навлегуваме во имотот на правните и физичките лица, располагаме со нив, управуваме со нив без разлика дали сме ние или не сме сопственици на тоа. Ние со еден единствен член сега прогласуваме општествена сопственост како државна за една година, веројатно идната година во јануари ќе речеме ајде уште една година, и не знам до каде.

VIII/6

Она што ми е основната интенција е да кажам дека ние со овој закон не само обични технички проблеми од доменот на економската политика градиме, ние со овој закон, ние со овој закон макар еднаш сега ќе покажеме дека ќе дерогираме неколку базични принципи на нашиот уставен и парламентарен поредок. Инаку гледајќи го од она што законот дефакто сака да го направи, мислам дека законот прави една комбинација од 4 цели за кои ќе мора да ги совлада.

Прво е од оние фирми или оние компании во државата кои очигледно пропаѓаат под ударот на новиот стопански систем да се спасиш после може, тоа е една од целите на законот.

Втората е на оние кои Владата и Парламентот со законот ќе мисли дека се добри по пат на административно управување да ги ослободи од непродуктивните делови, значи оние кои се во мнозинство лоши компании да го задржи она што кај е добро, оние кои се во мнозинство добри компании да го исфрли она што е лошо. Меѓутоа тоа сепак се претвора во наша административна одлука. Зборувам за целината на власта во РМ.

Трето, законот предвидува огромна социјална заштита на огромен број на луѓе во државата, како цел на законот.

Четврто, законот предвидува и некакво решавање на економска проблематика, меѓутоа не со водење на економска политика која е во доменот на Владата туку со законодавна дејност од страна на Парламентот, така да јас се согласувам со оние пратеници кои имав прилика да ги слушнам, а еве и последниот дискутант г-динот Бојков дека законот за нас е сепак неизвесен, зборувам за нас во Парламентов или во краен случај за мене, затоа што на пример ние во воведното

излагање од г-динот Иванов кој е претставник на Владата по овој законски проект децидно слушнавме дека Владата една година се подготвува за овој закон. Ние се подготвуваме 1 ден. Значи ние сме 365 пати понепривелегирани од Владата за да можеме во истата ситуација да ги носиме овие одлуки, скратени за 365 пати повеќе информации, скратени за 365 ноќи во кои може во нас нешто да преврие поинаку или помалку итн.

Сакам да изнесам уште 2-3 работи. Треба отворено да признаеме меѓу другото дека со овој закон покрај отстранување на нездравите, зацврстување на здравите ткива, социјална заштита итн. итн. овој Парламент се обидува да ја купи или да ја задржи политичкатаноќ, така што ќе го купи социјалниот мир. И, мислам дека во најмала рака е хипокризија од страна на Владата кога ни нуди денеска амандман дека од насловот на законот се отфрла зборот "големите претпријатија", а останува зборот претпријатија. На сите ни е многу јасно дека во овој случај се работи за големите претпријатија, зашто големите можат да извадат 3 илјади луѓе пред Собранието, големите можат да извадат 5 илјади луѓе пред Собранието и ние нив ги спасувавме, го спасуваме сопствениот политички кредибилитет. Малите можат да извадат 20 0 и на нив нема никој да се сврти, меѓутоа 3, 5 или не знам колку илјади нешто прават и затоа можеби е пофер од наша страна посовесно да оставиме дека големите претпријатија ние со овој начин сакаме да ги на некој начин преструктуираме или не знам што сакаме да им направиме. Ние не работиме со малите, тие немаат политичка моќ да влијаат на оваа власт, наша, на овој парламент да се замисли поинаку да работи. Големите имаат. И, мислам дека многу искрено би било што стои таму големите претпријатија, јас таму не гледам мали претпријатија. Мислам дека една

интенција во овој закон е многу спорна, а тоа е интенцијата со која законот дефакто инсистира во сите членови на законот се провлекува интенцијата дека во оваа држава најдобар менаџер е Владата, најдобар стопанственик е Владата. Кој не може да ги реши проблемите ќе добие принуден управник од Владата, еден или повеќе, со 51 или со повеќе проценти на учество во управувачките права. Интенцијата на законот е промовирање на Владата во најдобар стопанственик во државата. Ако и тој не успее ќе ги носиме во стечај. Значи ние сепак го промовираме како единствен последен можен спас менаџерското знаење на Владата, бидејќи комисијата е во Владата и програмите се оценуваат во Владата итн. Тоа исто мислам дека е една многу опасна тенденција. Не заради во мојот сомнеж во овој состав на Владата јас ја гласав оваа Влада и ја поддржувам оваа Влада туку заради тоа дека Владата не може да ја промовираме во менаџер, Владата е сепак власт и мислам еднаш прекршување на тоа дека Владата може да се претвори во најдобар менаџер и најдобар стопанственик може после да не влече во разни води, може убаво да стане тоа, може да успее Владата еднаш, два пати, може да успее кај сите 23 загубари и ние навистина да помислиме, па видете Владата во оваа држава е најдобар стопанственик, ги извлече 23-те загубари, сега што ќе мислиме понатаму. Ајде да видиме кои се наредните 23. Меѓутоа, на крај ќе завршиме со управници од Владата со 51% управување во претпријатијата дали на 1 или 2 години или не знам колку.

И на крајот едно мое интимно убедување за кое се разбира само времето ќе покаже, мислам дека она што ќе треба да се случи со овие претпријатија во Македонија односно со сите кои на еден или друг начин подобро или полошо се снаоѓаат во новиот амбиент, не само во новиот

системски амбиент, туку во новиот меѓународен амбиент блокадите итн., тоа ќе се случи, со законот, без законот  она што мора да се случи ќе се случи. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На листата немаме повеќе говорници во општиот претрес.

Дали уште некој друг бара збор?

Г-дин Црвенковски - претседател на Владата.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Еве јас би сакал да се навратам на неколку од основните забелешки што провејуваа низ повеќето дискусии што беа искажани иако мислам дека и останатите членови на Владата овде присутни на оваа седница ќе земат збор веројатно по амандманската расправа бидејќи најчесто она што беа искажувани како нечија определба или забелешка има логика само во 2 случаи. Едниот е ако амандмански се менува текст во законот и вториот ако не се поддржи текстот на законот. Другото е само салонско дебатирање, академска расправа околу тоа што и е потребно на оваа држава, што не и е потребно.

Ќе се навратам на неколку работи што мислам дека се многу битни. Од неколку дискутанти беше кажано следново, дека овој закон засега е еден многу тежок проблем, исклучително тежок проблем кој носи голем ризик и голема неизвесност. Тоа е апсолутно точно. Меѓутоа, почитувани пратеници, реформите се ризична и неизвесна работа. При тоа, многу тешка и имаат своја цена. Да било поинаку, да било поедноставно тие би

биле направени многу  поодамна, немојте да мислите дека токму во оваа Влада седнаа прв пат луѓе и токму во овој Парламент седнаа прв пат луѓе што ја сфатија неминовноста од промени, од реформи. Тоа со години, со децении наназад се споменува како определба. Досега од никого во Републикава не сум слушнал, без разлика на која политичка партија припаѓа дека ќе рече јас сум против економски реформи. Меѓутоа, никогаш не се направиле економските реформи, меѓу другото и заради што покрај таа национал преродба за реформи кога ќе дојде до моментот кога навистина нешто треба да се прави каде што ќе има и некоја цена која треба да се плати, а таа боли секогаш се бирала линијата на помалиот отпор. Тоа обично значело дајте да го оставиме ова за некое подобро време, малку да го пододложиме проблемот можеби ќе дојдат некои подобри времиња кога тоа последно ќе се направи. За жал подобри времиња не дојдоа, тоа во неколку наврати сум го рекол и во претходниот Парламент, секогаш моментот за спроведување на промени и на економски реформи како што минувало времето условите биле се потешки и потешки. Овде во неколку наврати некои дискутанти го спомнаа времето на Анте Марковиќи и реформите на Анте Марковиќ, потсетете се дека во тоа време вишокот на вработени се решаваше со 24 плати.

IX/1 ЛП/СЛ

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ**:(продолжение)

А не до 12 плати како што предлагаме во овој закон. Меѓутоа, и економската може беше појака во тој момент и веројатно условите и амбиентот беше далеку подобар од оној во кој сега се наоѓаме.

Понатаму беше речено , ако Парламентот го донесе овој закон , презема голема одговорност и јас исто така апсолутно се согласувам со тоа. Меѓутоа, ако Парламентот не го поддржи овој закон исто така, носи голема одговорност. Размислете и за тоа, во случај ако не се донесе овој закон, сите последици што ќе произлезат исто така ќе паднат како одговорност на овој Парламент и на оваа Влада. Има ситуации кога било што да се преземе е ризично. Меѓутоа, има и ситуации кога најризично е ништо да не се преземе. Јас мислам дека сега сме веќе во една таква ситуација, особено во случајот на овие 25 големи или мали претпријатија. Тие се големи, во првата верзија на насловот на законот стоеше "големи загубари" или "големи претпријатија", потоа се избриша "големи" не заради хипокризија или демагогија, туку заради тоа што по критериумот на Законот за трансформација на општествените претпријатија меѓу овие 23 претпријатија, каде што има што е мало, средно и големо, има и едно мало претпријатие. Рековме, да не му текне на некој од пратениците во Парламентот да рече: како тоа вие велите за големи претпријатија, а има меѓу овие 23 и едно мало претпријатие, според критериумите на законот за трансформација на општествените претпријатија и за да имаме чиста ситуација напишавме само претпријатија, ни големи, ни мали, ни средни.

IX/2.-

Јас се согласувам дека навистина е незгодно ваква сериозна проблематика која треба да се реализира преку овој инструмент, правен инструмент што се вика Закон за преструктуирање на дел од претпријатијата со најголеми загуби во Република Македонија, дека е навистина незгодно тоа да се прави во еден исклучително краток временски период или во случајот што беа забелешките ставени дека се предлага да биде направено по итна постапка, од страна на Владата. Прво, генерално ова е проблематика за која може и година дена да расправаме е малку, за да ги предвидиме сите можни последици и да ги елиминираме сите негативни последици. Најголем дел од времето што стоело на располагање кога се спроведуваат реформи за жал го изеле оние пред нас и тоа со години и децении наназад. А што се однесува конкретно - сега да се вратам на овие сегашни времиња, на оваа програма точно е, работеше и претходната Влада во текот на целата претходна година или скоро цела година заедно со овие , прво со Светската банка за да се утврдат критериумите по кои ќе се направи изборот на овие претпријатија. Пет главни критериуми беа и мислам дека во образложението меѓу другото тие се наведени, да се дојде до тие претпријатија кои се, да се подготват програми за секое од овие претпријатија и ние имаме за секое од овие претпријатија по две програми. Едната е програма која беше предложена од страна на раководниот тим на претпријатието и друга добиена од страна на експертите на Светската банка. Што значи, бидејќи тоа беше спомената, експертите на Светската банка буквално влегоа во секое од овие претпријатија. Не е точно дека тие не знаат која е Железарница, ФАС, Газела, Треска итн. Имавме ситуации каде што во голем дел програмите и видувањата предложени од претпријатијата и од експертите на Светската банка скоро целосно се преклапаат. Еве да ви кажам за

случајот на Железара. Во случајот на Железарницата експертите на Светската банка предвидуваат дека треба да има вишок на вработени во бројка 3700. Програмата на Железарницата предвидува 3400. Разликата е во 300 души, меѓу 3700 и 3400. Имавме ситуации каде што самото претпријатие дава програма во која предвидува поголем технолошки вишок, отколку што предлагаат експертите од Светската банка. На пример за некои од текстилните претпријатија бевме изненадени, очекувавме дека со поголем сенс за социјалниот момент ќе бидат самите претпријатија отколку овие стручњаци што доаѓаат од надвор, меѓутоа, имавме и такви ситуации.

Во Законот се вели дека роковите отпочнуваат од моментот кога Владата ќе ги усвои програмите, бидејќи ние треба тие програми да ги верифицираме. Програма која не гарантира успешно преструктуирање, каде што има големи разлики меѓу видувањата на експертите од Светската банка и самите претпријатија ние нема да ги верифицираме.

Се постави прашањето околу задирањето или повредувањето или судирањето на овој закон со другите законски акти кои важат во оваа држава. И тоа е точно, ние не го криеме тоа . Во образложението тоа јасно го наведовме. Меѓутоа, видете, ние во моментот немаме празнина во законската регулатива. Имаме Закон за финансиско работење, Закон за сметководство, Закон за трансформација на општествени претпријатија, Закон за стечај, Закон за работни односи итн. Можеме да кажеме дека не ни треба никаков закон, постојните закони што важат за сите нека се применуваат. Во тој случај, овие претпријатија се тие најголемите загубари, директната примена на Законот за стечај значи дека веќе утре сите 23 претпријатија треба да отидат под стечај. Го знаете Законот за стечај, 60 дена блокирана сметка директно се

активира постапката за стечај. Тоа значи дека во овој момент за овие претпријатија ние можеме да бираме меѓу следното: или сите под стечај, бидејќи такви се претпријатијата со големи загуби, со големи долгувања итн., или оваа Програма за преструктуирање која можеме да ја спроведеме според Законот што го предлагаме. Ние немаме трета алтернатива, ниту пак денес некој ова вас предложи трета алтернатива. Бираме меѓу овие две солуции. Ако овој закон не се донесе, остануваат на сила и се применуваат постојните законски проекти што се веќе донесени и што важат за сите и треба јасно да ни биде што значи тоа. Ова сакав да ви го напоменам за да знаете точно како Парламент меѓу кои две солуции денес треба да се одлучите со поддршка или без поддршка на овој Закон.

Околу прашањето на побарувањата или она што беше споменато дали со овој законски проект ние го правиме несигурен имотот или побарувањата на некои субјекти. На пример, државата, банките -ај за државата не е проблем нели, бидејќи ќе одговорам подоцна на тезата за национализација, но јавните претпријатија, банките и другите добавувачи. За другите добавувачи и субјекти таму не е императивно ставено во Законот дека нивните побарувања се претвораат со автоматско донесување на овој закон во основачки влог. Не е императивно, останува избор, постои можност, ако тој друг стопански субјект сака своето побарувања да го трансформира во основачки влог, таа можност Законот му ја дава. Може аукциски да го продава, пред да го трансформира во основачки влог или може побарувањето или може низ форма на акции исто така да работи , да оперира,да манипулира со своето побарување. Сега се вели вака: На овие на кои што со овој Закон по силата на Законот побарувањето им го претвораме во основачки

влог, ние им го одземаме или им го нарушуваме имотот итн. Меѓутоа, да се вратиме на она што претходно го реков. Ако не се донесе овој Закон, според Законот за стечај сите одат под стечај. Во случај на стечајна постапка се знае како се наплатува побарувањето, се прави присилно порамнување, стечајна маса, секој номинално учествува, процентуално се проценува имотот и всушност не се случува ништо друго туку она што ние со Законот го предлагаме: побарувањето да стане основачки влог, така што истото што во случај на стечајна маса тој може да го повлече. Никој од нив не е оштетен, имајќи го тоа предвид.

Второ, велиме дека во текот на 1995 година другите субјекти кои нема да се одлучат на тоа нивното побарување да се трансформира во основачки влог, може да припишуваат камати меѓутоа, во текот на 1995 година не може да наплати. Сега се поставува прашањето зошто да не наплатат, тоа се нивни пари. Точно, ако ги има парите. Нека се јави еден , би било добро да го слушнеме кој успеал од Железарницата во последнава година да наплати било кое побарување, од Треска или од Газела, ХТД-Охрид итн. Што значи, треба да бидеме реални, всушност за што се работи. Тие не се оштетени на тој начин што не можат во меѓувреме да ги наплатуваат своите побарувања, бидејќи и така не ги наплатуваат и повторно ако не се донесе овој закон, се активира стечајна постапка, што значи се доведени во иста ситуација како кога овој Закон не ги бил донесен.

Понатаму, се постави прашањето околу тезата за национализација, подржавување итн. Прво, државата во сопственичката структура на овие претпријатија не прави промени. Значи, државата не станува сопственик

на нешто што не и припаѓа на неа. Говориме за 51% управувачки права додека се спроведува оваа програма. А зошто го велиме тоа? За да сепак ги натераме тие. претпријатија, ако веќе даваме толкави средства од Буџетот и од кредити од надвор, навистина да се придржуваат на оваа Програма. Не може ние во Програмата и во Законот за обртен капитал, сме предвиделе и во Буџетот средства, мислиме од кредитот од светската банка дел од тие средства за обртен капитал да дадеме, не можеме ние да дадеме средства за обртен капитал, а тие да ги делат за плати итн. Ако веќе толкави средства се издвојуваат , мора да се обезбеди дека навистина ќе бидат за Програмата за преструктуираше.

Овде беше извадена тезата: Зарем некој е убеден дека ние како Влада или членови на Влада подобро ќе го обавуваме менаџерскиот дел од оние кои се веќе таму. Релативна работа, не верувам дека ниту подобро ќе можеме да го направиме, ниту дека некој од министрите ќе оди да биде во управните одбори таму. Ќе треба повтор но луѓе од стопанството да најдеме , бизнисмени од општествен, акционерски , приватен дел, луѓе кои ги разбираат тие работи, а нема да биде ниту министерот за развој, ниту министерот за стопанство, тој едниот член на Управен одбор на сите 23 претпријатија, кој што ќе кажува што да се прави и како да се прави. Меѓутоа, исто така се поставува прашањето, ако биле тие менаџерски структури таму вред, зошто е доведена ситуацијата до тука. Не секаде, меѓутоа во некои од нив ќе треба и околу раководењето на претпријатието добро да се замисли. Ќе треба да видиме всушност кои се тие луѓе најдобрите од стопанството, да ги одбереме и да се договориме директно како Влада со нив. Немојте да мислите дека срεќни ќе бидат да одат во управните одбори на овие

претпријатија и да се расправаат со овие проблеми. Треба да се направи посебен аранжман со тие луѓе, да се ангажираат да отидат таму, да бидат делегирани во име на Владата, да ги застапуваат интересите за спроведување на оваа Програма за преструктуирање. Околу национализацијата да завршиме. Погледнете го Законот и Програмата, таа на крајот завршува со приватизација. Целта на ова е баластите на овие претпријатија кои се којзнае од кога да се симнат, да се замрзнат, да се претворат во основачки влогови, вишокот на вработени кои во сферата на трошоците ги обременува овие претпријатија, исто така, социјалата што би се рекло да се тргне од овие претпријатија, деловите кои по никаква логика не можат рентабилно да работат, да се затворат, да се отуѓат, да се продадат, што може да се направи од таа работа, а тоа што може здраво да функционира, да го доведеме во ситуација да стартува од нула понатаму. Ниту Парламентот ниту Владата може да гарантира дека ако ова се направи во наредните 100 години овие претпријатија ќе работат добро. Нашата цел всушност не е, ниту може некој за некого да гарантира. Меѓутоа, ова е програма за преструктуирање која врз основа на некои претпоставки и наши и на деловните банки и на Светската банка вели - е , овој дел може да опстои, да дадеме можност барем тој дел да профункционира, профитабилно да работи. После тоа, бидејќи последната фаза е приватизација, се тргнува и членот од Управниот одбор и државата од целата работа. Нека функционира тоа претпријатие.

Понатаму, што мислам дека е битно во оваа прилика да се напомене, немојте сега, вие сте нови членови на овој Парламент, тоа е точно и мислам дека ќе беше добро да имаше и време и попстојни материјали да ги запознаете. Меѓутоа, немојте сега да зборуваме како да

никој овде во овој Парламент не знае која е Железарница или кој е ФАС "11 Октомври", Металски Завод Тито итн. и сега овде паѓа дискусија од типот - нам ни е потребен подобар материјал со кој ќе видиме каква е состојбата во Железарницата, а овде има и членови на овој Парламент кои во неколку мандати беа членови на претходни парламенти, каде што имало низа расправи токму за состојбите во Железарницата и во други претпријатија. Сепак Македонија има 2 милиони жители и прилично добро ги знаеме приликите и односите, меѓусебно каде што се случува итн.

Втора работа, е сепак, кога го донесувавме Буџетот за 199 5 година, кој го изгласа овој Парламент, ние кажавме дека имаме издвоени средства и стапки за спроведување на Програмата за 25-те загубари, така што и таму тоа образложение го дадовме. Кога се бираше оваа Влада рековме дека ќе ги спроведуваме реформите, главна намера ќе ни биде како што пониска социјална цена да платиме, повеќе тука немаме алтернатива да се одлучуваме сакаме или не сакаме, сега или подоцна, мораме да го направиме. Меѓутоа, навестени беа тие работи, беше јасно за што се работи, ние имаме три или четири сегменти каде што мораме со реформите во економската сфера да нагазиме. Приватизацијата генерално во државата во оваа година треба да се радикализира како процес. Во тој дел овие претпријатија кои очигледно немаат критичка маса кај себе и потенцијал сами да ја истуркаат приватизацијата, преку овој Закон и оваа Програма се прави тој процес да оди поинтензивно. Банкарскиот систем, сега наскоро ќе излеземе со Проект пред вас за санација на банкарскиот систем. Темпото кое вам ви изгледа брзо е брзо темпо и за Владата. Меѓутоа, водете сметка дека секој ден одлагање ја зголемува цената што мора да се плати.

IX/9.-

На крајот, сосема прецизно, да биде јасно на овој Парламент, дека Програмата за овие 25 загубари и Програмата за санација на банкарскиот систем се неопходен предуслов за склучување на стен-бај аранжман. Преговорите со Меѓународниот монетарен фонд околу Буџетот и јавната потрошувачка скоро да се готови. Последната мисија дефинитивно верифицира дека спорни прашања со Меѓународниот монетарен фонд во овој момент околу јавната потрошувачка и Буџетот немаме,единствен проблем со Фондот е делот на долгувањата на оваа држава спрема надвор, спрема Парискиот клуб, за кој што треба уште тоа прашање да го расчистиме и со Светската банка каде што мора паралелно да одиме и со Фондот и со Светската банка , бидејќи заемот за структурни реформи од Светската банка ќе биде даден во две транши. Првата транша за да ја добиеме треба да покажеме резултати во преструктуирањето барем кај две од овие 23 претпријатија и барем кај дел од банкарскиот систем во процент од 10%. За втората транша веќе бројот се зголемува, значи, не се работи ниту за нивно незнаење, бидејќи овде провејуваше - ние сме сигурни дека Светската банка тоа не го бара, знаеме точно што бара Светската банка, ова Меѓународниот монетарен фонд не го бара. Токму ова е еден од критичните услови за повлекување на кредитна транша од Светската банка и од ММФ и тоа во проценти ќе треба да докажеме , не само со Законот. Законот за нив нема да биде доволен. Ќе треба веќе да ги видат резултатите барем во две од овие 23 претпријатија дека тргнала работата напред, и барем кај 10% од банкарскиот систем, се мисли на Стопанска банка, да тргне некоја трансформација за да се повлече првата транша. Тоа е многу транспарентно. Ние никогаш не сме имале причина ниту да го криеме тоа како факт од»било кого, најмалку од Парламентот, меѓутоа, еве ја

користам прв пат оваа прилика кога за оваа тема разговараме и да ви го соопштам тоа. Во понеделник доаѓа Мисијата на Светската банка, на 16 јануари оваа година. Меѓу другото, да поразговараме веќе за операционализација, за спроведување на овој Закон и за банкарскиот систем каде што веќе упативме писмо за намери на Владата спрема нив, што намеравме да преземеме во финансискиот сектор во наредниот период.

Еве, јас само да се обидам да ви појаснам колку што можеше во еден краток период, меѓутоа, на крајот само да ви кажам:

Ако го поддржите овој Закон, преземате голема одговорност и вие и ние како Влада. Ако не го поддржите овој Закон, исто така преземате голема одговорност за последиците што ќе произлезат од таа работа, ама тогаш сами , без да ја делите таа одговорност со Владата на Република Македонија.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по текстот на Законот.

Ве молам дајте ние да завршиме со работа, после ние ќе даде ќе пауза. Ако овој Закон е потребен и Мисијата во понеделник доаѓа ние да бидеме комотни, да оставаме за денес или за утре ние овде не треба да расправаме. Ве молам, одиме понатаму.

Владата на РМ поднесе амандмани на насловот на Законот, на член 3 став 2, за менување на член 14 и на член 15 став 1 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Здравко Стојковски поднесе амандмани на член 3 став 2 за менување на член 12, член 22 став 2 и на член 24 со кој Владата не се произнела.

Пратеникот Санде Давчев поднесе амандман на член 22 став 2 по кој Владата не се произнела.

Комисијата за стопанство поднесе амандмани на член 3 став 2 и на член 4 став 1, со кој претставникот на Владата не се согласил.

Пратениците Јован Николов, Ратка Куљан-Зографска, Александар Ивановски, Драган Георгиевски, Ристо Трајков, Милчо Трајков, Димитар Трпеновски и Игне Богдановски поднесоа амандман на член 3 став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Мевљан Таири поднесе амандман за додавање нов член 22-а и на член 23 за додавање два нови става по ставот 1 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Руфи Османи, Хисни Шакири, Сали Рамадани, Арбен Џафери и Мерсел Биљали, поднесоа амандмани на член 7 став 2 и 3 и на член 13 по кои Владата не се произнела.

X/2.-

Пратениците Душан Николовски, Здравко Стојковски, Александар Јакимовски,Дане Милошевски и Љупчо ѓ^поднесоа амандман на член

24 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ване Наумовски поднесе амандман на член 22 став

2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Драган Митевски поднесе амандман на член 20 став 2 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 2, поднесен од пратеникот Здравко Стојковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Владата не го прифаќа овој амандман, од причина што основната концепција на Програмата да се обезбеди нулта позиција и отстранување на сите пречки што може да настанат од претходните обврски, со прифаќањето на овој амандман би сме дошле во ситуација, фактички ништо да не помогнеме. Затоа Владата не го прифаќа амандманот со една единствена цел да се обезбеди нулта позиција во реализирањето на Програмата за преструктуирање.

**СТОЈАН АНДОВ;**

Дали некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

11 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 став 2 поднесен од пратеникот Здравко Стојковски.

Х/3.-

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 2 поднесен од Комисијата за стопанство.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Симеон Наумовски.

**СИМЕОН НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господо, Комисијата за стопанство, расправајќи на денешната седница по Предлогот за донесување на Законот за преструктуирање на дел од големите претпријатија кои во своето работење покажуваат загуби, по итна постапка со Предлог на закон, хендикепирана поради многу краткото време за проучување на законскиот пропис од една страна, и од друга поради ненавремено добивање на материјали од Законот кај дел на членови од Комисијата, расправаше доста одговорно со присуство на сите членови на Комисијата и одлучи да го поддржи текстот, и на Собранието да му предложи 2 амандмани што ги имате во материјалот, односно Извештајот од Комисијата. Амандмани со -иста тема опфатени во два члена во Предлог решението на Законот.

Целта на Комисијата беше и е со овие два амандмани еден мал дел од доверителите што се опфатени да учествуваат во решенијата на овој проблем и специфицирани во овие два члена на Предлог законот, да се ослободат од обврската што ја имаат со предлог решението. Ослободувајќи се од таа обврска се овозможува на тие субјекти, пред се, од сферата на стопанството, значи од другите стопански организации во Републиката, во какви - такви услови што денеска ги имаат да продолжат да работат и понатаму, да се одржуваат, некако да испливаат кон подобро, а не со решението кое е дадено во Законот, како што смета и Комисијата, и натаму да им се комплицираат состојбите и во овој момент што треба така да се каже. Ако нешто не може да се помогне што

очигледно, уловите се такви да не може многу да се помага, тогаш нема потреба и понатаму со вака предложени решенија да се комплицира состојбата кај останатите стопански субјекти во Републиката.

Во членовите 2 и 3 од Предлогот на законот се специфицирани 4 групи на субјекти кои ќе бидат партнери во разрешувањето на состојбите во овие 25 загубари. Тие се еден државата, второ, банките, трето, јавните претпријатија и четири, групата дефинирана како други доверители.

Кај овие четири групи на субјекти - доверители со Предлог решенијата им се скратува правото да ги наплатат своите настанати побарувања до денот на стапување во сила на овој Законски акт за кој расправаме.

Комисијата смета дека групата субјектите - други доверители па мимо државата, банките и јавните претпријатија, треба да се ослободат од обврските по овој Закон, да им се овозможи натамошна работа во вакви услови какви што постојат денеска и поради тоа ви ги предлага двата амандмани со иста тека и во член 3 и 4, член 3 став 2 и член 4 став 1, вие да ги усвоите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор.

Потсетувам дек Владата не ги прифатила овие амандмани.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот, молам да крене рака. (28 пратеници гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го прифати амандманот, на член 3 став 2 поднесен од Комисијата за стопанство.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 2 поднесен од пратениците Јован Николов, Ратка Куљан, Александар Ивановски, Драган Георгиев, Ристо Трајков, Љупчо Трајков, Димитар Трпеновски и Игне Богданов.

Молам да се изјасни претставникот на Владата

**РИСТО ИВАНОВ:**

Владата не го прифаќа овој амандман од причина што генералниот принцип во Законот е сите да имаат подеднаков ризик при наплатување на побарувањата, и државата и банките и јавните претпријатија, како и Фондот за здравствено осигурување. Состојбата со пензиското и инвалидското осигурување е сосема друга, бидејќи тој Фонд исклучиво се однесува за регулирање на стажот, а ова е услуга која што не се брише, не отпаѓа правото за наплата, но го сноси истиот ризик за наплата како и другите побарувања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уше некој има збор.

Има збор Јован Николов.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, амандманот е во функција да се измени ставот 2 на член 3 со тоа што се она што не е наплатено е обврска спрема Фондот за здравствена заштита и осигурување, да се наплати заради тоа што Фондот е доведен во таква состојба да не може да обезбеди ни нормално пружање на здравствена заштита токму на луѓето што ги плаќаат придонесите. Ако се доведеме во таква состојба, да не може да се наплатуваат обврските што произлегуваат од Законот за здравствена заштита, тогаш се помалку ќе

има пари за пружаше здравствена заштита. Јас морам да кажам во оваа прилика дека само со еден акт на Уставниот суд , со укинувањето на зелените картони, моментално е намален приливот на уплатата на средства во Фондот за здравствена заштита за 40%. Ако пред еден месец се наплакало 100% сега е само 40%. Треба да сфатиме во каква функција и во каква состојба ќе се најде фондот за здравствена заштита, ако понатаму се ослободуваат определени обврски што се законски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Бранко Арсовски

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Мислам дека не треба д асе прифати овој амандман, заради тоа што оваа материја се регулира со два закона. Штом работникот остане без работа, се префрла на Заводот за вработување а тоа значи дека влегува во Законот за вработување. И од тој аспект пак државата влегува со нови средства само сега преку Министерството за труд и социјална политика. Така оди од едно во друго, а вие сакате веднаш во здравството. По инерција, бидејќи тоа го плака Заводот за вработување, тогаш прашањето е решено. Од тој аспект не треба да се дуплира зашто прашањето за здравствена заштита на оваа категорија граѓани е решено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Ване Наумовски

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитувани пратеници јас мислам дека овој амандман треба да го поддржиме и треба малку колегите пратеници да имаат разбирање околу здравството и како Парламент треба малку да се зафатиме за проблемите на здравството. Не може еден фонд за здравство да креира

и економски и социјална и популациона политика во државата. Покрај сите други обврски што ги има Фондот сега ќе паднат на грб и 3-4 илјади вработени од стопанство што некаде се 50% од општествениот производ како претходните дискутанти изнесоа. Може да замислите во каква ситуација ќе се најде фондот. Колегата Арсовски рече дека ќе има двојно плаќање и од заводот и до фирмата. Не, оние 15 илјади што ќе одат во Завод, за нив ќе плака Заводот. Оние другите што ќе останат во фирмата 50 -тина илјади, кој ќе плака за нив. А имајте предвид една друга работа во овие 25 загубари се наоѓаат три рудника. Таму се луѓе доста амортизирани, а кои се најголеми муштерии на Фондот за здравство, неколку текстилни организации, исто така амортизирани работници, кои исто така се добри муштерии на Фондот. Добри потрошувачи, а да ги ослободиме. Јас сум за тоа, меѓутоа да се најдат извори и да живее здравството во оваа држава. Да не дојдеме во еден момент, во блиска иднина да го спасуваме здравството, исто како што ги спасуваме сега овие 25 загубари.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-д Димитар Трпеновски

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ;**

Почитувани пратеници, мислам дека ние овој амандман го замисливме дека дејствувањето на оваа програма се однесува за 1995 година. Меѓутоа ако подобро ги посматраме решенијата во 1995 година камо среќа да успее оваа Програма, сите што примаат плата даваат придонеси за здравствено осигурување. Таквите решенија се во Законот. Ова сега што го поставуваме се однесува за изминат период од 1994 година односно за 3 месеци во 1995 година. Тоа навистина, претставува загуба на фондот и во конкретниот случај е и влог на Фондот. Камо среќа да станат овие претпријатија профитабилни и овие пари каматирани можат да му се вратат на здравството. Така не е трагично што не ќе се усвои амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? /нема)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање?

Кој е за молам да крене рака?

39 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 3 став 2 поднесен од пратениците Јован Николовски, Ратка Куљан-Зографска, Александар Ивановски, Драган Георгиев, Ристо Трајков, Милчо Трајков, Димитар Трпеновски и Игне Богданов.

Г-динот Дане Милошевски има збор.

**ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ:**

Јас се сомневам во пребројаните гласови, барам поддршка од 10 пратеници да одиме на поединечно гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има 10 пратеници кои го поддржуваат - нема. Се јавија само 9 и заврши постапката.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 2 и 3 поднесен од пратениците Руфи Османи, Хисни Шакири, Сали Рамадани и Арбен Џафери и Мерсел Бињали.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Владата не го прифати амандманот од причина што правото да се претвори побарувањето во влог, може да го користи доверителот и по негова одлука може, но не мора да го трансформира во влог.

X/9. -

Што се однесува до тоа што се трансформира во влог, сосема е нормално дека износот номинален може да се трансформира во влог затоа што кој ќе биде критериумот за утврдување на реален износ на влогот. Нормално ќе биде она на што гласи побарувањето, тоа може да се претвори во влог. Затоа амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи водиме претрес по амандманот на член 7 став 2 и 3.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (9 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 став 2 и 3 поднесен од пратениците Руфи Османи, Хисни Шаќири, Сали Рамадани, Арбен Џафери и Мерсел Биљали.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 поднесен од Комисијата за стопанство.

Молам, кој бара збор?

Имаше овде едно образложение.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (5 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 став 1 поднесен од Комисијата за стопанство.

Отворам претрес по амандманот за менување член 12 поднесен од пратеникот Здравко Стојковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Овој амандман предлагачот го повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 13 поднесен од пратениците Руфи Османи, Хисни Шаќири, Сали Рамадани, Арбен Џафери и Мерсел Биљали.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Во однос на предложениот амандман каде што се врши терминолошко менување, наместо намалување на трошоците на работењето да се користи терминот деловното работење, постојат утврдени категории во програмата што служат за контрола дали одредена програма се остварува или не. Најголемиот дел од обврските е контрола на трошоците на работењето и заради тоа се употребува овој термин што е даден во законскиот текст.

Амандманот се одбива.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор.

Господинот Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Мислам дека образложението што го даде господинот министер не држи бидејќи сите ние знаеме дека материјата што го регулира деловното работење е регулирана со неколку системски закони меѓу кои најбитен е Законот за сметководството.

Би препорачал да се проанализира, да се простудира истиот и таму постои самоутврдување на деловно работење, во кое деловно работење трошоците се еден од битните чинители, но не најбитен. Тука постоја и други категории, па затоа предлогот што го имам дадено како критериум стручно, професионално тежи многу повеќе отколку предлогот што го има дадено Владата. Мислам дека овој Парламент ќе го има предвид и ќе го усвои бидејќи се цели на тоа како критериум, ова што ние го предлагаме да се земат предвид не само категоријата на трошоците, т.е. намалување на трошоците, туку да се земат предвид и напорите, т.е. зголемувањето на приходите, намалувањето на залихите, обрт на капиталот и многу други работи што се битни и директно влијаат во

остварување на она што е програма, што се предлага со овој предлог на закон. Мислам дека овие аргументи на сите оние кои ги познаваат овие прилики се битни дека сето она што постои во тие програми кои ние за жал ги немаме во можност да ги анализираме мора да води кон успешно деловно работеше.

Затоа, ова што јас го предлагам токму цели на она што е суштина и на законот и на програмите.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (8 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 13 поднесен од пратениците Руфи Османи, Хисни Шаќири, Сали Рамадани, Арбен Џафери и Мерсел Биљали.

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 2 поднесен од пратеникот Драган Митевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа затоа што она што се бара со амандманот законот за тоа остава простор Владата да определи колку члена ќе делегира во управните одбори.

Дали некој бара збор? (Нема)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (9 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го прифати амандманот на член 20 став 2, поднесен од пратеникот Драган Митевски.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 2 поднесен од пратеникот Здравко Стојковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа затоа што работниците треба да ја делат судбината со претпријатијата од кои што потекнуваат и овој амандман да се исплаќа по просечна плата во стопанството за сите е неприфатлив.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (3 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 22 став 2 поднесен од пратеникот Здравко Стојковски.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 2 поднесен од господинот Давчев.

Господинот Давчев го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 2 поднесен од пратеникот Ване Наумоски.

Господинот го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 22-а поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Амандманот е во функција да се стимулира вработувањето и ангажирањето на луѓето, меѓутоа не е можно да биде во овој закон, бидејќи со заклучок на Влада е преземена обврска да се видат сите можности во 199 5 година да има стимулирање на вработувањето. Меѓутоа, ова е материја на други закони и треба измената да биде вметната во Законот од данокот од добивка и во Законот за царина.

Не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (8 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 22-а поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Отворам претрес по амандманот на член 23 за додавање два нови става по ставот 1 поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа бидејќи се работи за техника дна остварување на програмата и не би требало да биде предмет на законско регулирање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам па крене рака? (5 патеници!

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 3 за додавање два нови става по ставот 1, поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Отворам претрес по амандманот на член 24 поднесен од пратеникот Здравко Стојковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Со предложениот закон се даваат поповолни услови во однос на постојниот закон што важи за инвалидите на трудот. Затоа Владата смета дека повеќе повластици од ова што е понудено не би требало да има, бидејќи би биле другите во нерамноправна положба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Стојковски бара збор.

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, мислам дека на овој амандман не се посветува доволно внимание за толку брзо да се одбие од причина што се работи за категорија на луѓе кои после трите години што се предлага овде дека ако се ограничи на три години, тогаш останатиот дел од животот материјално не се обезбедени. Кажете ми кој од овие инвалиди на трудот,особено од рударството може после да најде работа во било која работна организација, фирма или слично. Мислам дека се работи за категорија на луѓе исклучиво од рудниците на подземна експлоатација каде што само во Пробиштип има преку 200 од тој тип категорија луѓе,во Саса има 150, во Паланка околу 100-тина и мислам дека со специјалната програма за преструктуирање сигурно дека раководителите во овие организации прво ќе ги стават овие луѓе на тапет односно на листата за технолошки вишок, затоа што објективно

овие луѓе не можат да вршат продуктивна работа. Тие се со недостаток, дали дел од телото професионално боледување и мислам дека, размислете добро не ги обезбедуваме материјално луѓето за нивниот живот. А, дека први ќе се најдат на листата на технолошки вишок тоа сигурно.

Во тој прилог ако сакате, ако не друго вториот став таму што е зголемување од 20 на 50%, барем да не ги ограничуваме само на 3 години.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Збор има господин Мешков.

**ЉУПЧО МЕДШ2:**

Почитуван претседателе, дами и господа овие проценти и времето за кое се користат овие права, јас се извинувам ако некој биде навреден, меѓутоа не се истресени од ракав туку се базираат на некакви финансиски согледувања и конструкции и во поглед на изедначување на правата на овие инвалиди со инвалидите кои веќе го користат ова право во Фондот а чија организација е во стечај и ликвидација.

Значи, водено е сметка овие 20%, со тоа што ќе го добиваат од Заводот за вработување, процентот приближно да одговара на тоа што како најниско се гарантира на оние инвалиди на кои организацијата им престанала или се под стечај а тоа е најмалку 60% од просечната плата.

Значи, во таа смисла се предложени овие 20%, а и трите години се исто затоа што во Законот за ПИОМ оваа категорија на инвалиди, која веќе го користи ова право исто се ограничени на три години а не тоа нивно право да се претвори така да речам во една квази пензија.

XI/8

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Поповски бара збор.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Се согласувам со овој амандман, според ова што господинот Мешков го кажа дека со него ќе направиме исклучок помеѓу одредени категории, помеѓу иста категорија зависно од тоа дали се досегашни или сегашни кои останале без работа. Меѓутоа, да се разбереме, овој закон е закон со кој создаваме две категории на стечајни работници, две категории технолошки вишок итн. Ние, со овој закон само 15 илјади луѓе што по овој закон ќе се отпуштат како што е во образложението посебно ќе заштитиме. А, оние кои се до сега во Заводот за вработување нема да ги заштитиме на ист соодветен начин, како овие. Значи овој закон предвидува некакви исклучоци. Токму заради тоа што се под удар.

Се согласувам дека во пензискиот фонд ќе настане разлика. Меѓутоа настанува разлика на сите места. Еден стечаен работник со фирма од двајца вработени од Македонски Брод ќе биде поинаку заштитен од оној во Железара, во овој момент. Ќе имаме два вида на социјални случаи, заштитувани по овој закон, условно кажано политички помоќни и кои можат да предизвикуваат социјални немири и на политички немоќни кои не можат затоа што се од мали фирми. Согласно со духот на Законот дека прави исклучок кај овие можеме и овој исклучок да го прифатиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (22 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 24 поднесен од пратеникот Здравко Стојковски.

XI/9

Отворам претрес по амандманот на член 24 поднесен од пратениците Душан Николовски, Здравко Стојковски, Александар Јаќимовски, Дане Милошевски и Љупчо Беличев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Тоа е истиот амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Иако е ист, не е од исти подносители. Мора да се изјасните

**РИСТО ИВАНОВ:**

Се одбива.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Барањата се исти, само предлагачите се други. Владата вели дека не се прифаќа.

Повелете да објасните.

Има збор господинот Николовски.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ.**

Тоа сакав да потенцирам добро што се забележа со овој амандман е допрецизиран целосно член 24 што го предлага Владата. Имено, три години правата се зголемуваат на 5 години и наместо 20% се зголемува на 50%.

Како е правена конструкцијата можеме да се убедуваме и уверуваме. Но, бидејќи се работи за специјална програма, специфичен закон, за специфични претпријатија и за специфични услови на работа и токму во овој случај сакам да потенцирам дека основните мотиви да се даде правото и во овој случај поаѓаме од состојбата во која се наоѓаат рудниците пред се Злетово, Саса и Тораница и ние сакаме да дадеме шанса да се мотивира и поттикне инвалидскиот труд. Воедно, да им се даде шанса бидејќи никој нема да им даде шанса во подоцнежна фаза, било каде и во која средина и на кое работно место да се вработи.

Од друга страна ние знаеме и фондацијата односно законот што ја регулира материјата на трудовите инвалиди во кој однос се воспоставени, а веројатно дел на големини, дел од правата на трудовите инвалиди со третманот на овој закон како специфичен закон ќе бидат одземени.

Затоа мислам од аспект на професионализмот тоа што е присутно како специфичност можеби во понатамошната фаза на обработка на програмата ќе се имаат во предвид овие елементи и веројатно самиот член ќе претрпи измени, па во овој момент нема воопшто да се погреши ако вака се изгласа. А, средства што нема да достасуваат, тие ќе фалат и во едниот и во другиот случај.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (22 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 4 поднесен од пратениците Душан Николовски, Здравко Стојковски, Александар Јаќимовски, Дане Милошевски и Љупчо Беличев.

XII/1/пј/лј

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 15, што е сега дојден, со кој се бара да се брише текстот што е даден со амандманот на Владата и да се врати во тој член стариот текст.

Подносители на амандманот се г-дин Мевљан Таири, Исмет Рамадани, Насер Зибери.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Владата сака реализирањето на оваа програма да биде, што и напоменав во излагањето, транспарентно и да се знае колку ќе кошта спроведувањето на овој закон. За тоа се знае мора сите потребни средства што се предвидени во Законот да бидат на едно место и од таму да се знае колку ќе не кошта целата оваа програма за преструктуирање. Заради тоа амандманот се одбива.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Господин Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Со одговорот на претставникот на Владата не сум задоволен, бидејќи сметам дека и вака и така мора да се има сметка за тоа колку ќе кошта ова преструктуирање. Не може да се тврди дека нема да се знае ако не се соберат сите средства на една сметка, сметка која што не се знае ни кој ќе ја контролира, како ќе биде што ќе биде. Ако не е веќе во комисијата за преструктуирање на Владата кој ќе ја формира. При постоење на министерства, министри, кои што се одговорни за одделни области, не знам зошто е потребно да се формира нова ставка од каде што ќе се контролира целото работење. Затоа, сметам дека амандманот не треба да се прифати и треба да остане решението предложено првобитно во законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој ен бара з бор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

9 пратеници гласаа за:

Констатирам дека амандманот на членот 15, со кој се бара да се брише амандманот на Владата што стана составен дел на текстот и да се воспостави стариот дел на текстот, поднесен од господата Таири, Рамадани и Зибери не е прифатен.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

76 пратеници гласаа з а.

Дали е некој против? (троица пратеници гласаа против).

Дали е некој воздржан?

8 пратеници се воздржаа од глаасње.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за преструктуирање на дел од големите претпријатија, на дел од претпријатијата кои во своето работење искажуваат загуби.

Минуваме на **точка 2** - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за радио-дифузијата.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела во Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

XII/3.-

Молам, кој бара збор?

Г-дин Мурати.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господине претседателе, колеги и пратеници. Законот кој е на дневен ред, иако не е системски, е еден од мошне значајните за работата на радиодифузното претпријатие МРТВ. Од тие причини сметам и се залагам и го поддржувам законот кој е на дневен ред.

Но, прашање е дали процентот е соодветен кој се нуди и дали тој процент одговара на сегашните присутни социјални проблеми кои ги имаме во општеството. И претходно требаше Владата да даде некои споредбени податоци за тоа како е решено ова прашање, т.е. на надоместокот за радиотелевизиски приемник во некои земји други слични на нашата.

Второ, колку со оваа претплата се задоволуваат потребите на МРТВ, колку се собира претплата по општини, односно зошто не се собира, како егзистираат МРТВ кога се зборува дека само 30% од корисниците на радиодифузното претпријатие плаќаат надоместок и слично.

Добро ќе беше пред да се донесе законот да претходеше расправата по концептот за трансформација на МРТВ каде ќе се утврди статусот и облиците на нејзиното организирање.

Во отсуство на ваков концепт и на овие претходни искажани забелешки, елементи структурни кои навистина укажуваат на потребата од донесување на ваков закон, ќе изнесам некои мои размислувања.

Во рамките на системот на информирањето и унапредувањето на демократските процеси во земјава значајно место им припаѓа на радиотелевизијата, на нивната улога е голема, посебно во услови на плурално општество и почетни демократски процеси. Тие се јавуваат како носители и двигатели на промените во општествениот, политичкиот и економскиот живот . Истовремено и во афирмирањето на животот на културата, на историјата, над сето тоа што носи животот и современоста

и развојните процеси во Републиката. Радио и телевизијата како средства за јавно информирање, одредуваат една епоха или етапа од нашиот историски и општествен развој. И од нив зависи, и не само од нив духот на времето. Тие насочуваат процеси во позитивна или негативна смисла. Мобилизираат, создаваат оптимизам, а често и песимизам Сакам да кажам дека тие создаваат простор за зближување или одвојување зависно од тоа што вредности нудат и афирмираат. Практично, функцијата на радио-телевизијата е информативно и создавање свест за времето. Од нив зависи каков однос ќе создаваат, континуитет или дисконтинуитет во развојот на сите сегменти на општественото живеење.

Радио и телевизијата овозможуваат широка комуникација со сегашноста и тоа треба да нуди вистина, визионерски оптимизам. Радио дифузниот систем треба да овозможи доверба и преобразување на животот. Ова го истакнувам од причина што губењето доверба е само последица и додатен аргумент на неизвесноста сфатена како потенцијал за прогресивен цивилизациски расплет на животот, на создавање алтернатива и перспектива. Радио и телевизијата влијае да се социјализира животот, да се з ближат луѓето, да се бори против порастот на индивидуализмот, егоизмот, животот од денес за утре, да создава историска перспектива хуманост и реалност. ДА се влијае во создавање демократска клима и односи и на тој пат да придонесува во преуредувањето како на теоретскиот така и на политичката практика,т.е. да придонесува за решавање на општествените противречности.

Во разгледувањето на овие значајни проблеми и состојби треба да разликуваме три пристапи во функциите на радиодифузниот систем. Прво, деловниот пристап, т.е. како да работи и како да се организира овој систем за остварување на целите и задачите, поточно на широките интереси. Ова значи организациона поставеност на радио - и телевизијата е една од битните детерминанти на нивните функции

и егзистенција.

Второ, економскиот пристап, кој треба да опфаќа прашања на финансиски и материјални средства за егзистенција, осовременување на системот и проширување на истиот.

Трето, национален државен пристап, кој овозможува остварување на националните интереси на сите граѓани, национални клективитети и државните интереси во целина. Овие три пристапи се непосредно поврза ни со законот кој е на дневен ред.

Истовремено, овие три аспекти се во меѓусебна зависност и од нивната поставеност. Организационата поставеност претставува услов за воспоставување на односи и управување со општествените структури на системот, во кој динамиката на себе трансформирањето настапува како резултат на промените, потребите и на плуралните интереси. Оттука, есенцијалното прашање на организационата поставеност на радио- дифузниот систем е прашање на преструктуирање на институцијата на животот на процесите, на демократизацијата. Сите овие се наметнуваат како императив, а верувам дека овие проблеми, дилеми, и перспективи се третирани многу широко и посестрано во самата радиодифузна куќа.

Нешто ќе кажам за информативниот радио-телевизиски простор на албански јазик и за ТВ програмата на овој јазик. Ова од проста причина што ова е едноставно прашање, а многу се усложнува или се сака од едноставно да стане комплицирано. Јас ќе бев среќен да немаше проблеми во оваа сфера, но евидентно е дека нема живот без проблеми, а тоа се случува и во самиот информативен простор и оваа институција.

Што се однесува до информативниот простор на МТВ, програмата на албански јазик проблемите ги има во изобилство иако има услови да се решат без проблеми со внатрешно разместување на техника вработување на нов кадар, определување на програмски нивоа и временски простор согласно потребите и барањата. Барања кои веќе

XII/6.-

четири години се поставуваат на дневен ред пред самите одговорни луѓе на радиодифузната куќа. Јас не би се сложил на албанците и на другите да им се овозможува РТВ програма, информативен простор на штета на Македонците. Зошто и самите албанци учествуваат во финансирањето и ги консумираат истовремено и вредностите кои оваа куќа ги нуди. Но, некој ќе рече доста им е шест часа и 35 минути програма на албански јазик неделно од вкупно 210 часа неделно ТВ програма на трите канали на македонски јазик Или 5 6 минути просечно дневно, наспроти 30 часа дневно. Како да албанците немаат потреба да развиваат култура на свој јазик, да имаат училишнми и образовни емисии, да имаат контактно рекреативна програма, тркалезни ТВ маси, отворен екран, контактен ТВ магазин, детска програма, школска програма, следење на фестивалите, претставување ан културата, науката, литературата, што се случува во Македонија меѓу албанците.

За одбележување е фактот дека ние немаме сознание за состојбите во МРТВ, т.е. за проблемите и перспективите. Потоа, од каква природа се тие состојби, колку редакции ги има, колку студија, колку програми, искористеноста на студиите, вработените во редакциите, уредувачката политика и да забележам дека дописниците на албански јазик информираат без стил, а тоа значи, дека тоа треба да се опремуваат со технички средства.

Јас ги истакнав овие проблеми со добронамерна цел, а пред се со цел да се лиминираат проблемите кои веќе со години се присутни. А, сето тоа е во функција на развојот и проширувањата на демократските права и степенот на рамноправноста и во информирањето на мајчин јазик. Но, ова е непосредно и тесно поврзано и со иднината на радио-дифузниот систем. Имено, овој систем има за цел остварување на повисоки специфични интереси. Во таа насока тие мора да ги постават и прашањата на приватната иницијатива и конкурентната способност на многубројни радио телевизиски приватни станици. Во овие два елементи

XII/7.-

битно ќе ја изменат и филозофијата на информирањето која ќе се фундира на три принципи, управување, праведност, брзина, и четвртиот точност на информирањето. Многубројните приватни РТВ станици, кои се повеќе го заинтегрираат гледачот и слушателот, ќе го постават и прашањето зошто претплата само на една куќа кога и тие вршат силно, информативно, просветно и слична дејност и гледачите, населението ги следи со големо внимание.

Во согласност со изнесените констатации и видувања ги предлагам следните заклучоци:

Прво, да се задолжи радиодифузната куќа да из готви и на собранието да му поднесе програма за долгорочниот развој на МРТВ и во тој контекст проширувањето на РТВ програмата на албански јазик и подигнување на оваа редакција на ниво на програма.

Второ, предлагајќи ги мерките за надминување на проблемите и состојбите во МРТВ да се утврдат по детално состојбите со када , техника, финансии на програмата на албански јазик

Трето, да се преиспита функцијата, работата и временската распределба на емисиите на јазиците на кои се одвива програмата и истата да соодветствува на структурата на населението. Тоа се однесува и за радио програмата, која морам да истакнат дека во овие четири години се прошири од три на девет часа дневно, а интересите и интенциите се уште пошироки. Во таа смисла на Собранието да му се поднесе информацијата за состојбите, проблемите, мерките за квалитетно информирање и во тој склоп да преземе мерки за унапредување на јавното информирање на албански, турски, ромски и друг јазик. Со тоа сметам дека и законот кој е на дневен ред а се однесува за финансирање би имал своја оправданост и би бил ефектуиран во сите сегменти, структури и цели што ги сака да ги постигне радиодифузниот систем односно МРТВ куќата, која навистина треба да прерасне во информативна куќа за сите граѓани на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратениците Драган Георгиевски, Ристо Трајков,Александар Ивановски, и Живко Јанкуловски поднесоа амандман на член 1, став 3 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Мевљан Таири поднесе амандман на член 1, став 3 и за менување на член 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Туше Гошев, поднесе амандман на член 1 став, 2, и 3 и на член 3 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Хисен Рамадани, и Џеладин Мурати поднесоа амандман на член 4 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1, став 3 поднесен од пратениците Драган Георгиев, Ристо Трајков, Александар Ивановски и Живко Јанкуловски и од пратеникот Мевљан Таири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

XIII/1 ДВ/ЛБ

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман од едноставна при- чина бидејќи при самото конципирање на законот со дебело сознание дека постојниот закон кој што е донесен пред 21 година е длабоко дерогиран во своите одредби и што треба да трпи целосна измена во вид на носење на еден нов закон за радиодифузија, се одредели да интервенира по итна постапка и нас ни е многу драго што ова овде беше прифатено, само во делот на финансирање од проста причина што во сегашните услови нарушени се вкупните материјални можности за нормално одвивање на функцијата во МТВ. При определување на ваков вид на јавна давачка основен мотив беше да се задржи сегашниот износ ан наплата кој изнесува 330 денари и кој од просечната плата исплатена во октомври во процент изнесува 4,13%. Значи Владата одби предлог што е понизок во однос на она што досега се плаќа, со објаснување дека и со овој процент во МТВ за најнужните програмски определби кои треба да се реализираат нема да се задоволат средствата односно помалку би се задоволиле средствата во висина од 9,4%. Затоа Владата останува на својот предлог на тој член за задржување- на стапката од 4%.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака,? (28)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 став 3 поднесен од пратениците Драган Георгиев, Ристо Трајков Александар Ивановски, Живко Јанкуловски и од пратеникот Мевљан Таири.

XIII/2

Отворам претрес по амандманот за менување на член 2 поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Јас спомнав дека пред Владата стои една крупна обврска што треба да ја заврши и тоа доста студиозно, во рамките на изработка на новиот закон за радиодифузија. Во тој закон ќе се вградат современи форми на некои партиципации што ова законодавно тело ќе ги обезбеди во делот на следење на програмата на МТВ. Или да не прејудицираме, за оние кои ќе добијат сегменти од таа куќа,таков карактер на куќа што треба да претставува и да задоволува јавен интерес на нашата држава. Оттаму мислам дека носење на тој закон ќе создаде можност за едно посоодветно партиципирање во тие односи. Токму затоа во сегашните услови при вакви формулации Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Ќе ми биде мило да дојде на дневен ред на ова Собрание предлог со кој ќе се регулираат и овие односи, како што рече министерот што ја покрива оваа област, но сметам дека и сега не е рано ова да се направи, поготово што со прифаќање на една ваква формулација во законот сигурно дека поуспешно ќе се собира и претплатата. Тогаш нема да има такви констатации дека е во криза МТВ . Дај да бидеме отворени, тука во голем дел граѓаните и не ја плаќаат таа претплата затоа што не се задоволни ниту од програмата што се имитира и од содржината и од објективноста во некој случај на тоа што се информира од таа куќа. Затоа сметам , ако веќе Владата и така има предвид вакво нешто, не е некој вред и сега да се прифати ова.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (8)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 2 поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2 и 3 под- несен од пратеникот Туше Гошев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Бидејќи сме согласни дека е тоа техничко и правно подобрување на текстот, го прифаќаме овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандманот е составен дел на текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од пратениците Хисан Рамадани и Џеладин Мурати.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Со оглед на тоа што сами кажавме дека ова е потреба и со право се бара во што пократок рок законски да се регулира оваа сфера а со оглед на тоа што и во расправата на Комисијата за општествено-политички систем беше укажано на таквата потреба, согласни сме како Влада во процедура да го дадеме со овој рок Законот. Меѓутоа мислам дека овде се регулира една битна материја што се однесува на важење на закон во таа дата од причина што би работеле во еден временски теснец грчевито, нема да биде добро да ја трпиме таа пресија во изработка и изнаоѓање на потребни решенија кои се многу важни за развој на оваа сфера во нашата држава.

Владата не го прифаќа овој амандман, меѓутоа ќе оди на реализација на својата обврска во најбрз можен рок.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, сите ние имаме многу поголеми дилеми во врска со овој закон и сигурно сакаме брзо да дојде до оној другиот, да би можеле да разговараме.

Јас сум изненаден од ова што сега Владата го предлага. Како не е доволно 6 месеци да се подготви закон. Мислам дека тие сами се залагаат, укажуваат дека тој закон веќе е сосема дерогиран и дека треба да се донесе нов. Ние заправо со ова орочување сакавме да ги стимулираме. Не е тоа принуда. Принуда ни е на сите оти мора да ги работиме работите. Јас ве молам да и помогмеме на Владата, поготово на Министерството да го прифатиме амандманот, а сите да помогнеме што побрзо да го реализираме. Мислам дека тоа е од заеднички интерес а гледате дека многу работи се отворени. Господинот Џеладин некои од нив ги кажа, а имаме уште многу други работи. Затоа ве молам не е ова против министерството и Владата туку мислам дека тоа е нивна помош сите заедно да се ангажираме и преку другите нашите тела да се оствари таа цел.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (25)

Констатирам дека собранието не го усвои амандманот на член 4 поднесен од пратениците Хисен Рамадани и Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од пратеникот Туше Гошев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Бидејќи овој амандман технички го подобрува текстот, го прифаќаме.

**СТОЈАН АНДОВ.**

Амандманот станува составен дел на текстот по законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (80)

Дали е некој против? (8)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување ди дополнување на Законот за радиодифузијата.

Преминуваме на **третата точка** - Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по договорот за заем за македонскиот телекомуникационен проект за Европската банка за обнова и развој, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

XIII/6

**СОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, денеска ќе зборуваме за еден закон од ПТТ сферата кој е од битно значење затоа што се наоѓаме во интересно време, време на електроника.

Во почетокот, во Законот е дадено дека тоа ќе биде земање на еден кредит кој ќе значи одобрување н а и така ложата состојба во телекомуникациониот систем во Македонија. Што ние ќе добиеме со овој закон односно со носење на предлог на еден закон што би било еден пред- услов како државна гаранција за склучување на овој договор со банката за обнова и развој.

Ако стои фактот дека Македонија моментално е на предпоследно местово во Европа после Албанија со телекомуникационите системи, по бројот на претплатници по глава и ако знаеме дека е преблокирана со тоа што во моментот во државата нема ниеден телефонски претплатнички број, стои и држи дека неминовно е носењето на тој закон што значи подобрување на сферата во телекомуникациониот систем.

Што би добиле ние? Би добиле нови некаде 200 илјади телефонски приклучоци, што би значело подобрување и квалитет. Тоа е едната работа која е неминовна и не треба да се чека. Што е она друго меѓу редови што треба да се каже за ова што ни е наметната од банката за обнова и развој.

Овде се зборува за кредит од 45 милиони долари или некаде околу 69 милиони ДМ . Добар дел од пратениците со своето размислување ќе кажат дали стои издржаност на ова, дали може да го поднесе тоа ПТТ како такво . Ова за ПТТ е мала работа затоа што ако се земе предвид дека се носат телефонски приклучоци 200 илјади, по 1000 ДМ, тука доаѓаат 200 милиони ДМ. Така да стои реално дека кредитот  и ПТТ

организацијата може да го поднесе.

Она што е дадено дека се работи за лејбор кредит, тоа е некаде во превод просечност и условите што се дадени со 5+1 камата испаѓа шест ипол и со фиксна и онаа друга камата, наметнува една нова игра и едно ново размислување за квалитетот на понудата на овој кредит.

Сега се поставува прашање што како и кој ни ја наметнува оваа игра. Дали со овој кредит кој ќе го добиеме Европската банка ни навлегува во сферата на телекомуникационите системи односно системот на ПТТ прежата каде што е на профитабилниот дел во секоја држава. Дали Европската банка ни наметнува правила на игра? Дали е ова добро или лошо?

Што се случува? Дел од интегралниот текст на предговорот го немаат добиено пратениците. Таму се поставуваат услови и секој би бил среќен кога би поседувал 42 милиона или 45 милиони долари да би го дал овој кредит. Зошто? Европската банка влегува на голема врата во телекомуникациониот систем во Македонија со тоа што ги поставува условите.

Ова е многу битен сегмент затоа што ќе се јави како контрола на сите аранжмани во наредниот период. Ќе се јави како контрола на развојот. Ќе се јави како контрола на средствата во нашите ПТТ системи. Ова е дел за убрзување на приватизацијата, бидејќи мора да дојде до дерегулација на ПТТ системот.

Кога зборуваме за дерегулација на ПТТ системот интересни се телекомуникациите. Зошто? Бидејќи таму се средствата.

Бидејќи нашите пошти се добро екипирани, имаат добра опрема, се профитабилни и некаде 80% од профитот се остварува со Меѓународниот транзитен сообраќај. Она другото, експлоатација и другиот дел е чиста загуба. Значи другиот дел, експлоатацијата, каде што се поголем број вработени ќе остане на товар на државата, а бидејќи пак државата влегува како еден гарант, влегува како еден дежурен

пожарникар и ќе осганат големи тешкотии, бидејќи Европската банка го забрзува и го носи во приватизација системот на телекомуникации кој што е непрофитабилен. Она што е нус појава на овој закон е тоа што условите во наредните аранжмани околу телекомуникациите ќе ги диктира Европската банка. Среќни ќе бидеме ние да имавме некоја фирма која ќе можеше да даде ваков кредит. Условите кои што се дадени за секој комерцијален кредит , вакви услови се подобри услови, бидејќи ова другото што го наметнува како нонсенс Владата , се става 1% од кредитот за некоја сигурност, или не знам како го наплаќа министерството за финансии. Мислам дека неспоиво е и бидејќи Европската банка наметнува услови овој кредит да биде под државни гаранции, не заради тоа што ПТТ Македонија, Македонските пошти не се во состојба да го вратат овој кредит. Тоа се големи пари, но за ПТТ не се големи пари. Во ПТТ се вртат многу по- големи бројки. Ова е мала бројка. Но, даваме една лоша работа за тоа што пак , она што не го добивме од министерот за финансии до каде е отидено со ММФ, она што го кажа сега премиерот дека пак ни доаѓаат со стенд-бај аранжманот, секогаш ќе се вадиме дека некој ни наметнува правила на игра.

Јас би замолил ние пратениците, бидејќи гласаме, а никој не знае зошто гласа, бидејќи правилата на игра некој од надвор ни ги наметнува , интегралниот дел на текстот за стенд-бај аранжманот за ММФ за Европската банка на развој да се подели на пратениците, да видиме до каде ние сме отишле во преговорите.

XIII/9

Јас сум сигурен дека ова нема да се подели, ако мисли Владата да каже дека ова е од државна доверливост, ние ќе направиме затворена седница на која ќе ги погледаме овие договори, бидејќи се од многу битно значење. Сите овие што гласаат, гласаат а не знаат за што гласаат. Ако некој се смешкаат, се смешкаат бидејќи не наат за што ќе гласаат, а ќе гласаат сигурно и мора да помине овој закон. Ставен е бидејќи условува преструктуирање и приватизација во ПТТ - Македонија. Иако се доцни од 6 месеци, јас ќе гласам за овој закон бидејќи мора да се донесе, но против сум она што се бара 1% како гарант и така нешто.

**ДРАГАН МИТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Камо среќа да има финансиски институции кои што ќе ни даваат пари. Јас во начело веднаш да кажам дека ваков закон ќе го поддржам и секој закон понатака кога ќе треба да се гласа за да се донесе одреден законски пропис каде што треба да се земат средства од меѓународните финансиски институции за финансирање на профитабилни инвестициони програми. Тоа е единствениот спас за оваа држава и воопшто не се плашам од тоа како што е овој проект. Меѓутоа, излегов само кратко да кажам некои работи со кои не можам да ги премолчам и мислам дека во овој закон постои одредена нејасност во поглед на условите на кредитирањето кои што ги договара ПТТ со Европската банка за обнова и развој при користење на кредитот.

Прво, ние немаме тука никаков ниту од Владата ниту од самата пошта која ја корисник на овој кредит било каков протокол од Светската банка за условите на кредитот. Тоа се гледа од член 3 на самиот законски текст, дека такво нешто има и се оди во неизвесност која ние пратениците мора да ја знаеме.

Понатаму за оваа работа постои голема инвестициона програма, сигурно во ПТТ која програма исто така ние ја немаме односно немаме сознанија. Од таа инвестициона програма секако дека треба да видиме она што е конструкција на изворите на затворање, односно на враќање на кредитот. Такво нешто нема доставено ниту од Владата ниту од ПТТ. ПТТ многу добро се сетиле да достават забелешки во вид на писмо каде што се бара она 1% провизија, што се предвидува за Владата односно за државата за вршење на работа да се брише, бидејќи ги влошува условите на користење на кредитот со неколку илјади марки - 400 или таму колку илјади марки излегоа, или 700 илјади марки, меѓутоа, никаде

не се сетиле да достават сите оние релевантни фактори, основни на кои ние треба да одлучиме во овој момент за давање гаранција бидејќи државата презема обврска за плаќање на тој кредит ако утре ПТТ не може да го плати.

Во образложението во законскиот текст стои дека дури има и оценка од Европската банка за обнова и развој за способноста на ПТТ за враќање на кредитот. Јас почитувани пратеници, не се сомневам воопшто во тоа дека ПТТ е способен тоа нешто да го направи и да го враќа, меѓутоа, корисно би било да имаме извод од таа оценка. Да видиме што е тоа што оценува како што и претходниот дискутант дискутираше кои се тие цели со кои се оценува и зошто се влегува во еден ваков кредит. Понатаму и на самата пошта ќе и ставаме одредени забелешки, добро е што се оди во развој на телекомуникациониот систем кај нас, меѓутоа никаде не гледам да се прави нешто современо туку дава дека ќе се добијат телефонски приклучоци на оние населени места кои што се најмалку и со 50 жители. Што значи тоа. Јас никаде не гледам за мобилната телефонија, нешто што е најбитно за нас, за нашето стопанство и за стопанствениците.

Прво, поштата во својата програма мобилната телефонија треба да јас предвиди, да го оспособи стопанството, ние кога ќе излеземе од канцеларии да не се исклучиме од работењето на сто- панството, а тоа е телефонијата во колата, телефонијата во џебовите кое секаде е присутна во современиот свет, било во Западна Европа, САД или каде да одите, секаде е предвидено. Ова барем не го гледам од образложението кое што е дадено.

Што се однесува до нејасноста е дадено дека во член 3 дека кредитот ќе се враќа во 16 полугодишни рати со грејс период од 2 години и со каматна стапка либор плус 1% поен во време на користење на

заемот, а од 26-ти 1997 година со фиксна каматна стапка согласно со договорот. Бидејќи ги немаме условите и договорот или што треба тек да се склучи ако не е склучен која е, поставувам прашање и барам од Владата да појасни, барам да појасни, која е таа фиксна камата која ќе се применува после 26. Таа камата може да биде 1000%, тогаш како ќе може да ја плати поштата или државата која зема гаранција за реден таков кредит. Значи мислам дека тоа е пропуст преку кој не може да се мине дури и во самиот член морал да стои рокот за враќање, не 16 полугодишни рати, ако ги поделиш на 2 значи испаѓа дека е за 8 години. Никаде не стои рокот на враќање на кредитот за кој се разговара. Овие работи мора да бидат дадени јасно и гласно и барам сега Владата да ги појасни.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Собранието на РМ денес треба да донесе закон со кои нашата држава ќе го гарантира враќањето на овој заем кој што македонската пошта треба да го земе за модернизација на нашата телефонија. Според образложението се предвидува дека телефонијата треба да стигне во Скопје и во 5 други градови, станува збор за Битола, Прилеп, Охрид, Дебар и Струга. Јас ќе гласам за овој закон бидејќи сум сигурен дека македонската пошта ќе има сили да го врати овој заем и сигурно таа не ќе дозволи нашава држава повторно да заглави со враќање не еден ваков дебел кредит како што досега го правеа многу други институции.

Инаку, како пратеник што произведува храна сега ќе бев среќен ако овој заем беше наменет за земјоделски кредити за рационално искористување на оние 600 илјади хектари површина за оние 150 илјади

хектари напуштени ораници и ред друго или за ненавремена исплата на цело производство од 1994 година што земјоделците го немаат искористено.

Господа претставници, повереници на овој законски документ, јас не сум со оваа дискусија против тоа што ќе дојде до модернизација на нашата пошта и не сум против донесуваше на овој закон, меѓутоа не можам да прифатам некои тези во вашето образложение кога велите дека "во современите услови на животот и работата и во функционирањето на современа држава нужно е и приоритетно да се изгради најмодерна телефонија која како систем претставува основна инфраструктура за позабрзан економски и вкупен развој на државата". Господо, ова е стара теорија од бившиот систем. Тоа личи на тогашните раководители и нивната теорија кога викаа дека прво треба да градиме хотели, потоа земјоделие, или прво железара а потоа да купуваме трактори. Еве до каде не донесе таа теорија, пред малку донесовме еден таков закон со кој што треба и те како во наредниот период да се кози нашава држава.

Сметам дека господата од македонското министерство и Јавното претпријатие за ПТТ сообраќај е добро што успеаја да го добијат овој заем и нема да ми замерат на ваквата дискусија. Им честитам на овој успех што е постигнат. Меѓутоа, секаков ќе посакував овој заем да беше во земјоделството.

Во врска со проектот што е предмет на овој заем од Европската банка за обнова и развој за неговите реализатори би поставил 3 прашања.

Прво, зошто Скопје треба да добие 5 телефонски централи со капацитет од 72.600 телефонски приклучоци, а за телефонски централи

во Прилеп, Битола, Охрид, Струга и Дебар се планирани само 45.200 телефонски приклучоци. По кој клуч е извршена ваквата распределба на телефонските приклучоци. Како сега би се постигнал позабрзан економски и вкупен развој на државата кога 2/3 од вкупниот број на телефонски приклучоци што ќе се добијат со проектот што ќе се финансира со овој заем останувaат овде во Скопје.

Второ, колку од овие телефонски приклучоци ме интересира, надвор од овие 6 градови ќе стигнат во нашите села.

Трето, го поддржувам барањето на колегите пратеници досега, македонската пошта односно претставниците на нашето министерство да кажат што се се крие зад овој договор со кој ќе се земат овие 4 2.55 0 милиони долари.

Почитувани пратеници, заем од 42.55 0 милиони долари Јавното претпријатие за ПТТ сообраќај "Македонија" ќе го користи за модернизација и проширување на локалниот,меѓународниот и монетарниот комуникационен систем. Со него нашата држава ќе има модерен телефонски систем со најсовремена дигитална технологија, кагноциски кабли за магистралната мрежа. Тоа значи дека и ние со телефонијата за скоро време треба да се доближиме до Европа. Меѓутоа во оваа прилика мора да се постави и едно друго прашање, кога и како ќе го решиме проблемот со телефонијата во нашиве села. Во Битола од 120 села само 20 имаат телефони. Кога до нив ако не многу ќе се монтира барем по еден телефонски приклучок за потребите на селото. Може ли дел од средствата за модернизација на македонската телефонија да се издвои за изградба на телефонска мрежа во пограничните села. Станува за оние села што се наоѓаат покрај границата со Грција.

На крајот, почитуван претседателе, верувам дека ќе дозволиш да истакнам и една поштенско - телефонска неправда што пред извесно време македонската пошта му ја нанесе на битолскиот дел на Мариово.

Во битолскиот дел на Мариово во селата Старавина, Градешница, Будинарци, Зобец и Груниште живеат околу 50 0 жители грото се од нив доодени старци. Битолските мариовци до неодамна своите поштенско телефонски потреби ги задоволуваа преку поштата во Старавина. Преку неа одат разговорите со своите што се разотидени низ цела Македонија, во туѓина или пуштаат и добиваат писма и пензии и се друго. Пред извесно време поштенското претпријатие на Македонија ја укина поштата во Старацина. Сега, жителите од 5-те мариовски села за телефонски разговори со децата треба да патуваат дури во Битола - 50 километри. 50 км. сега ода® пешки затоа што по снежните наноси и автобусот им го укинавме. Земјоделците од овие села другите поштенски услуги сега ги обавуваат преку поштата во Маково која сега треба да врши услуги на 20 раселени села. 5-те села одамна немаат свое училиште, сега ја изгубија и поштата, се во духот на штедењето и нашата рационализација. Дали Мариово и неговата пошта сега се жртва на новата модернизација на македонската телефонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по предлогот за донесување закон.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлага да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесуваше на закон за гаранција на Република Македонија по договорот за заем за македонскиот телекомуникационен проект од Европската банка за обнова и развој.

Кој е за, молам да крене рака. (75 пратеници)

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласаше? (Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува* предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака?

73 пратеници гласаа "за".

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Г-дин Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, овој закон треба да се поддржи., затоа што кажаа и претходните пратеници овој закон обезбедува инвестиции од 42,5 милиони долари. Треба сега: да се поддржи претходниот закон каде инвестиравме во аеродромите, во инфраструктурата. Треба да се поддржи законот за инвестирање во пругата помеѓу Македонија и Бугарија. Поддржавме закон кој требаше да се поддржи поединечно за далноводот помеѓу Скопје и Битола. Веројатно сега ќе следат и други

проекти и закони со кој ние инвестираме во државава. Поединечно тоа не создава некој голем проблем јас сум сигурен дека и Владата е свесна за овие проблеми за кој јас зборувам, меѓутоа создава проблем кога ќе се соберат инвестициите во Македонија. Ние живееме во кризно време, економска криза која не се одликува со хипер продукција, ова е типична криза економска, каде што нерамнотежата е на страната на понудата. Имаме поголема побарувачка од понуда. Со инвестиции како оваа и 10 наназад за кои ние странски кредити земаме ние создаваме дефакто инвестиции во капитал интензивниот сектор кој се оплодува на 2,3,4,5 и повеќе децении. Значи, инвестираме стотици милиони долари странски капитал во проекти за инфраструктура кои во оваа функција на излегување од кризата во овој момент не користат премногу. Тие не создаваат брз обрт на капиталот, брз профит, не создаваат повлекување на понудата на таа страна и така натаму. Тие се сепак инвестиции од капитал - интензивен карактер и кој како такви од оваа страна на кризата нема да придонесат многу но сепак нас ни се потребни инвестиции во други сфери, во производни програми кои за 1,2 години ќе го вртат капиталот, профитот итн. итн. Сега нормално, може да се каже веднаш дека ова е депласирана дискусија оваа тема, меѓутоа, видете ние не дискутираме за целината на политиката која ја водиме. Ние дискутираме поединечно, поединечно по закони кои ни се нудат овде. Сега ќе гласаме по еден, утре за друг итн. итн. Јас мислам дека во последнава година ние изгласавме некои странски кредити во висина од можеби половина милиони долари, повеќе или помалку, сосе некои тековни инвестиции кои се одвиваат, кои не се само со странски инвестиции, се разбира и

домашните средства итн. потпомогнати со странски капитал кои сепак значат инвестирање во еден сектор кој многу споро ќе се капитализира во Македонија, многу споро ќе донесе извлекување од кризата итн.

Ова го кажувам за да укажам на тоа дека треба да се има малку чувство за тоа дека можеби со добри намери ќе ја вовлечеме Македонија во инвестиции во еден сектор за што не е времето. Сепак времето е за инвестиции во некои други сектори каде што ќе повлекува вработување, ќе повлекува домашна понуда итн. Иако јас не верувам дека во овој момент е можно на тоа сега да се размислува и да не се гласа за тој закон. Меѓутоа, полека полека таа наша развојна стратегија да не одвлечка во некоја страна која едноставно не сакаме и за која знам дека и Владата не мисли така. Меѓутоа, еден по еден законите на крајот ќе се сведат на тоа. Така да и кога се привлекува странскиот капитал треба да се размислува да има некоја рамнотежа помеѓу инвестициите во овие инфраструктурни и други програми. Инаку, само инфраструктурните само создаваат едноставно друг амбиент, економски во Македонија од оној кој ни е потребен да се создаде во овој момент во еден момент како полет во стопанството.

XV/1 ЛП/НД

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги,радо слушам и ќе гласам за овој Закон кој нуди гаранција за Поштата, за кредитот кој се добива, а тоа ме радува од аспект што поштата со овој проект ќе оди во приватизација. Значи ова веројатно и сум сигурен дека е првиот чекор кон приватизација на поштата како систем. Знаејќи дека пошта како систем е една трома и засега монополска организација, тоа само ќе придонесе граѓаните веројатно кога ќе се приватизира не ќе плаќаат така големи износи за договори за инсталирање на телефони. Верувам дека граѓаните по селата, зборувам за Скопје, ќе имаат сите телефони. Сега имаме случај во скопските села да имаме по еден телефон тој дури не функционира. Значи, со ова сакам да нагласам дека ќе гласам затоа што тоа ќе ја приватизира поштата, ќе почне процесот за приватизација и ќе се разгради монополот кој го има ова претпријатие.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 1, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно- п равната комисија поднесоа амандмани за бришење на член 5 со кој не се согласи. претставникот на Владата.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 5, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно - правната комисија.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Панче Минов.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитуван претседател, дами и господа пратеници, се јавувам за дискусија на член на Законодавно - правната комисија, со цел за коментирање на амандманот на истата оваа Комисија на членот 5 кој што содржински предвидува Министерството за финансии да пресметува и наплатува провизија од 1% на износот на заемот за гаранцијата што се издава од страна на Република Македонија. Од законодавно - правен аспект, што посебно го потенцирам и убеден сум што има тежина на оценување и констатација до инстанцата Законодавно - правна комисија, не постои правен основ за воведување на оваа форма односно на оваа провизија во односните закони, а тоа е Законот за буџет и Законот за кредитни односи со странство. Мислам дека упатно е и нормално е во едни парламентарни односи ваквата констатација од Законодавно-правната комисија да ја прифатеше и самата Влада, уште повеќе што после оваа констатација дека нема правен основ за воведување на оваа форма - провизија на издадена гаранција за заем, точно е и тоа исто така од законодавно правен аспект дека во нерамноправна положба се става ПТТ на Македонија, иако нема правен основ, во однос на другите корисници на кредити, односно заеми од Европската банка за обнова и развој, што исто така од законодавно - правен аспект е во една нерамноправна положба, што исто така нашиот правен систем не треба да го дозволува.

На крајот, аргументите се на страната на прифаќање на овој амандман, односно за укинување на овој член и тие што со воведување на оваа провизија фактички се зголемува износот на заемот и враќањето од страна на ПТТ на Македонија, фактички на вака зголемениот заем

паѓа на товар на граѓаните, а сигурно како пратеници тоа не ни е интерес да ги зголемуваме оптоварувањата на граѓаните.

Од овој аспект предлагам Собранието да го усвои амандманот на Законодавно - правната комисија и Комисијата за финансирање и буџет односно членот 5 да се укине.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

28 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на членот 5 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет и од Законодавно - правната комисија.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

75 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?

1 пратеник се воздржаа од гласање.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за гаранција на Република Македонија по договорот за заем за македонскиот телекомуникациски проект од Европската банка за обнова и развој.

Преминуваме на **4-та точка** - Предлог на одлука за разрешување од функцијата заменик јавен правобранител на Јавното правобранителство на град Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

81 пратеник гласаше за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за разрешување од функцијата заменик јавен правобранител на Јавното правобранителство на град Скопје.

Преминуваме на **5-та то**чка - Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката на Собирот на работните луѓе на Националниот парк "Галичица" - Охрид, за именување индивидуален работоводен орган

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

75 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

XV/5

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката на Собирот на работните луѓе на Националниот парк "Галичица" - Охрид за именување индивидуален работоводен орган.

Преминуваме на **точката 6** - Предлог на одлука за разрешување и именување членови на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев"

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

74 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување членови на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев".

Преминуваме на **7-та точка** - Предлог на одлуки за именување членови на Конкурсни комисии за именување индивидуални работоводни органи и тоа:

- За именување членови на посебна комисија за именување индивидуален работоводен орган на Машинскиот факултет во Скопје;
- За избор на членови на Конкурсна комисија за именување индивидуален работоводен орган на Работната организација Земјоделски институт - Скопје;
- За избор ан членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Работната организација Институт за социолошки и политичко - правни истражување во Скопје.

Предлозите на одлуките Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**ЈОВАН ЛАЗАР0В:**

Овој предлог за Комисијата за именување на работоводниот орган на Машинскиот факултет предлагам да се симне од дневниот ред затоа што веќе е избран декан на Машинскиот факултет, а проверив и на другите факултети, цела есен се избирале декани без да се даваат од овде делегати. Тоа произлегува од Уставот од членот 46 каде што на Универзитетот му се гарантира автономијата, а овде би биле против уставно затоа што би се мешала државата во автономијата на Универзитетот.

Истото се однесува на за следната точка, за Советот на Факултетот. Значи, да не станувам по втор пат, предлагам и тој предлог да се повлече.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, а предлагач на овие точки не е господинот Јован Лазаров, туку Комисијата за избори и именувања а таа не бара збор да ги повлече, тогаш одиме понатаму.

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлозите на одлуките ги ставам на гласање.

Кој е за предлозите на одлуките молам, да крене рака?

75 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

1 пратеник е против.

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ги донесе одлуките за именување членови на конкурсни комисии и за именување на индивидуални работоводни органи.

Преминуваме на осмата точка - Предлог на одлуки за разрешување и именување претставници на Републиката во органи на управување и тоа:

- За разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Македонската филхармонија;

- За разрешување и именување претставници на општествената заеница во Советот на Природнонаучниот музеј на Македонија;

- За разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Машинскиот факултет во Скопје; и

- За именување претставник на Републиката во Советот на Педагошката академија во Битола.

Предлозите на одлуките Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлозите на одлуките ги ставам на гласање.

Кој е за предлозите на одлуките молам да крене рака.

78 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздружува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ги донесе одлуките за разрешување и именување претставници на Републиката во органи на управување

Сакам да ве известам дека оваа седница која е најверојатно последна во еден месец од изборот на Владата и затоа не треба, така проценивме, да имаме пратенички прашања. Да им дадеме можност на старешините на републичките органи да се запознаат со структурата на органите со кои раководат итн. Тоа е коректно и фер. Сега од 15 јануари натаму тие ќе бидат во состојба да одговараат на прашања. Веројатно при крајот на месецот ќе имаме една посебна седница за пратенички прашања за да не ги оптоваруваме сите поединечни седници.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Како што сте известени денес треба да ја одржиме и Конститутивната седница на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија на Интерпарламентарната унија.

Затоа, ве молам, да останете на своите работни места во салата.

(Седницата заврши во 19,50 часот)